1	Полетување од Нераште		*1 x 30 = 30*	360 000.00
				360 000.00
53	***Друштво за издавачка ддејност, продукција, трговија и услуги ПРОМОВЕНС ДООЕЛ експорт-импорт, Скопје***	***Проекти: 2***	***Вкупен износ:***	***1 120 000.00***
Телевизија	проекти: 2			
1	Повратници		*2 x 25 = 50*	400 000.00
2	Хендикепот и спортот - И ние можеме		*4 x 25 = 100*	720 000.00
				1 120 000.00
54	***Друштво за продукција, трговија и услуги ИКСТРИМ ЕНТЕРТЕЈМЕНТ ДООЕЛ, Скопје***	***Проекти: 2***	***Вкупен износ:***	***930 000.00***
Радио	проекти: 1			
1	Рок авангардата во Македонија		*10 x 45 = 450*	300 000.00
				300 000.00
Телевизија	проекти: 1			
1	Трагање по баклавата		*1 x 60 = 60*	630 000.00
				630 000.00
55	***Друштво за продукција, дистрибуција и менаџмент ХАУС 57 ДОО, Скопје***	***Проекти: 2***	***Вкупен износ:***	***2 290 000.00***
Телевизија	проекти: 2			
1	Кокино		*1 x 30 = 30*	540 000.00
2	Љубинко и Десанка		*1 x 30 = 30*	1 750 000.00
				2 290 000.00

II. За сите програми кои се опфатени со оваа одлука, Советот за радиодифузија може да формира комисија како стручно-консултативно тело, доколку се утврди дека тоа ќе придонесе за поквалитетна реализација на програмите.

III. Со наведените трговски радиодифузни друштва и независните продуценти - корисници на средствата, да се склучи договор со кој поблиску ќе се определат начинот и условите на користење на средствата.

Договорите, во име на Владата на Република Македонија, ќе ги потпише претседателот на Советот за радиодофузија.

IV. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Број 19-1945/1
11 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

786.

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за Јавното правобранителство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 мај 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЗАМЕНИЦИТЕ НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЗАМЕНИЦИТЕ НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Член 1

1. Во Одлуката за утврдување критериуми за определување на бројот на замениците на јавниот правобранител на Република Македонија и за определување на бројот на замениците на јавниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/97, 3/98 и 86/2005), член 2 став 1 се менува и гласи:

„За подрачјата: Битола, Гостивар, Тетово, Струга и Кичево се определуваат по двајца заменици на јавниот правобранител на Република Македонија, а за подрачјата: Куманово, Струмица, Штип, Кочани, Кавадарци, Гевгелија, Велес, Охрид и Прилеп се определува по еден заменик на јавниот правобранител на Република Македонија.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-2285/1
11 мај 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

787.

Врз основа на член 17 од Законот за Јавното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/97), а во врска со Одлуката за утврдување критериуми за определување на бројот на замениците на јавниот правобранител на Република Македонија и за определување на бројот на замениците на јавниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/97, 3/98 и 86/2005 и бр. 33-2285/1 од 11 мај 2006 година), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 мај 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАСПИШУВАЊЕ ОГЛАС ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈАТА НА СТРУГА И КИЧЕВО

1. Се огласува именување по еден заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјата на Струга и Кичево.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 18 од Законот за јавното правобранителство (државјанин на Република Македонија кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во државен орган; истакнат дипломиран правник со положен правосуден испит кој ужива углед за вршење на јавно-правобранителската функција и работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит, на правни работи над три години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Владата на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ и во дневниот печат.

Бр. 33-2296/1
11 мај 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

788.

Врз основа на член 20 став 1 точка 5 од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/06), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА СУРОВИНСКИОТ СОСТАВ И НАЗИВИТЕ НА ТЕКСТИЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува: употреба на текстилните називи; обележување на составот на влакната на производи составени од еден тип на влакна; обележување на волнените компоненти; одредување дво или повеќе-компонентни мешавини на влакна; етикетирање и означување на производите; одредување на суровинскиот состав на дво или повеќекомпонентни производи.

Одредбите од овој правилник не ја исклучуваат примената на одредбите од Законот за заштита на индустриската сопственост и Законот за спречување на конкуренцијата.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

“текстилни производи” се суровини, полупроизводи и готови производи од индустриска или рачна изработка, чиј суровински состав се текстилни влакна, без разлика на применетиот процес на мешање или составување.

“текстилно влакно” е:

- единица материја карактеристична по својата флексибилност, финост и висок сооднос на должина во однос на максималната попречна димензија, што ја прави погодна за текстилна примена,
- флексибилни ленти или ролни, чија широчина е до 5 mm, вклучувајќи ги и лентите исечени од пошироки ленти или фолии, произведени од супстанци што се користат за производство на влакната наведени во ставките 19 до 44 во прилог I и соодветни за примени во текстилот; очигледна широчина е широчината на лента или ролна кога е свиткана, израмнета, пресувана или со завои, или просечна широчина кога широчината не е униформна.

Следниве производи се сметаат за текстилни производи и ќе бидат предмет на одредбите на овој правилник:

- производи што содржат најмалку 80% текстилни влакна од својата маса;
- мебел, чадори и покривки за заштита од сонце што содржат најмалку 80% текстилни компоненти од својата маса; слично на тоа, текстилните компоненти на повеќеслојните подни прекривки, на душеци и на предмети за кампување, топли постави на обувки, ракавици со отвори за сите прсти и ракавици со одделен отвор само за палецот, ако таквите делови или постави претставуваат најмалку 80% од масата на целосниот артикал;
- текстил што е вграден во други производи и претставува интегрален дел од нив, каде што нивниот состав е специфициран.

II. УПОТРЕБА НА ТЕКСТИЛНИТЕ НАЗИВИ

Член 3

Имињата и описите на текстилните влакна од член 2 на овој правилник, се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Употребата на текстилните имиња од табелата во Прилог 1, се однесува на влакна чија природа е точно специфицирана под истиот број од таа табела.

Ниту едно од текстилните имиња од табелата во Прилог 1 не може да се користи за кое било друго влакно, без разлика дали тоа е самото име, или како корен или како придавка, во кој било јазик.

Зборот "свила" не може да се употреби за да означи форма или за претставување на филамент-предиво.

III. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ВЛАКНАТА НА ПРОИЗВОДИ СОСТАВЕНИ ОД ЕДЕН ТИП НА ВЛАКНА

Член 4

Текстилен производ не може да се опише како "100 %", "чист" или "во целост" ако не е составен само од истото влакно и ниту еден сличен термин не може да се користи.

Текстилниот производ од став 1 на овој член, може да содржи до 2 % од масата други влакна, ако ова количество е оправдано од технички причини и ако не е додадено рутински. Ова отстапувањее може да се зголеми до 5 % од масата на влакната, во случај на текстилни производи што поминале низ процес на кардирање.

IV. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВОЛНЕНИТЕ КОМПОНЕНТИ

Член 5

Волнен производ може да се обележи како "рунска волна" само ако се состои исклучиво од влакно што претходно не било вградено во готов производ, што не било подложено на какви било процеси на предење и/или филцање, освен на оние што се потребни за производството на тој производ, и што не било оштетено од третманот или од користење.

По исклучок од став 1 на овој член, називот „рунска волна" може да се користи за да се опише волна содржана во мешавина од влакна кога:

(а) сета волна содржана во таа мешавина ги задоволува барањата дефинирани во став 1 на овој член;

(б) оваа волна изнесува не помалку од 25 % од вкупната маса на мешавината;

(в) во случај на мешавина од чешлани влакна, волната се меша само со едно влакно од друг вид.

Во случаите од став 2 на овој член, мора да се означи целосниот процент на составот.

Отстапувањето заради влакнестите нечистотии, што е оправдано од технички аспект поврзан со производството, се ограничува до 0,3 % во случај на производите наведени во ставовите 1 и 2 на овој член, вклучувајќи и волнени производи што поминале низ процес на кардирање.

V. ОДРЕДУВАЊЕ ДВО ИЛИ ПОВЕЌЕ-КОМПОНЕНТНИ МЕШАВИНИ НА ВЛАКНА

Член 6

Текстилен производ составен од два или повеќе видови влакна, од кои едното претставува најмалку 85 % од вкупната маса, се означува:

- со името на тоа влакно заедно со неговиот процент во масата, или
- со името на тоа влакно заедно со зборовите "минимум 85 %, или
- со целиот процентуален состав на производот.

Текстилен производ составен од две или повеќе видови влакна, од кои ниту едното не учествува со 85 % во вкупната маса, се означува со името и со процентот во масата на најмалку два видови главни влакна, заедно со имињата на останатите видови влакна дадени во редослед според учеството во масата, од најголема до најмала, со или без ознака на нивниот процент во масата, освен кога:

(а) влакната што учествуваат со помалку од 10 % во вкупната маса на производот можат заедно да бидат означени со терминот "други влакна", заедно со нивниот вкупен процент во масата;

(б) типот или видот на влакното што претставува помалку од 10% од вкупната маса на производот е точно утврдено, се дава вкупниот процентуален состав на тој производ.

Производите што имаат основа од чист памук и јаток од чист лен, во кои процентот на ленот изнесува не помалку од 40 % од вкупната маса на нескробена ткаенина може да се нарече "памучно-ленена ткаенина", што мора да биде придружувано со спецификацијата на состав "основа од чист памук-јаток од чист лен".

За текстилни производи наменети за крајниот потрошувач, во процентуалните состави, точно дефинирани во ставовите 1, 2, 3 и 8 од овој член може да се:

(а) толерира количество на туѓи влакна до 2 % од вкупната маса на текстилниот производ, ако таа количина е оправдана од технички причини и не е додадена како рутина; оваа толеранција може да се зголемува до 5 % од вкупната маса, во случај на производи што поминале низ процес на кардирање без да се исклучи отстапувањето од член 5 став 3 на овој правилник;

(б) дозволена е производно отстапување од 3 % помеѓу декларираните проценти на влакна и процентите добиени од анализата, во однос на вкупната маса на влакната претставена на етикетата; таквата толеранција, исто така, се применува и за влакна што се наведени, во согласност со став 2 на овој член , во редослед според учество во масата, од најголема до најмала, без ознака на нивниот процент. Ова отстапување се применува и во случаите од член 5 став 2 точка (б) на овој правилник.

При анализата на текстилните производи отстапувањето се пресметува одделно, при што вкупната маса што се зема во предвид при пресметката на отстапувањето од став 4 точка (б) на овој член, е онаа на влакната на готовиот производ без масата на споредните влакна најдени при примената на толеранцијата наведена во став 4 точка (а) на овој член.

Додаток за отстапувањето од став 4 точки (а) и (б) на овој член, се дозволува само ако за било кое туѓо влакно најдено со анализата, и со примена на отстапувањето од став 4 точка (а) на овој член, се докаже дека е со истиот хемиски состав, како и едно или повеќе влакна означени на етикетата.

Во случај на специјални производи за кои производниот процес бара отстапување повисоко од утврденото во став 4 точка (а) и (б) на овој член, може да се дозволи поголемо отстапување кога сообразноста на производот е проверена во согласност со член 13 став 1 на овој правилник, но само во исклучителни случаи и кога ќе се обезбеди соодветно оправдување од страна на производителот.

Терминот "мешани влакна" или терминот "неспецифициран состав на текстилот" можат да се користат за секој производ чиј состав не може лесно да се наведе во времето на производство.

Член 7

Без оглед на отстапувањето од член 4 став 2, член 5 став 3 и член 6 став 4, видливите, изолирани влакна што се чисто декоративни и не надминуваат 7 % од масата на готовиот производ не треба да се наведуваат во составот на влакната утврдени во членовите 4 и 6 на овој правилник, како и на влакната (на пр. металните влакна) што се вградени со цел да се добие антистатички ефект и што не надминуваат 2 % од масата на готовиот производ.

Во случај за производите од член 6 став 3 на овој правилник, таквите проценти не се пресметуваат врз основа на масата на материјалот, туку врз основа на масата на основата и на јатокот одделно.

VI. ЕТИКЕТИРАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ

Член 8

Текстилните производи се етикетираат или се обележуваат секогаш кога се стават во употреба за производни или за комерцијални цели. Етикетирањето или обележувањето може да се замени или да се надополни со придружни комерцијални документи кога производите не се нудат за продажба на крајниот корисник, или кога се доставуваат за извршување на нарачка направена од државата или од некое друго правно лице определено со закон, или од соодветен субјект во оние земји каде што овој концепт е непознат.

Имињата, описите и деталите за содржината на текстилните влакна утврдени во членовите од 3, 4,5 и 6 и во Прилог 1 на овој правилник, треба:

а) јасно да се истакнат во комерцијалните документи. Ова барање ја исклучува употребата на кратенки во договорите за продажба, во сметките и во фактурите, но, може да се користи механизиран код за обработка, ако кодот е објаснет во истиот документ.

б) да се означат со јасен, читлив и унифициран печат кога текстилните производи се нудат за продажба или кога му се продаваат на крајниот корисник, а особено во каталозите и во трговската литература, на пакувањата и на етикетите и на обележувањата.

Деталите и информациите поинакви од оние кои ги задоволуваат барањата од овој правилник, мораат да бидат сосема издвоени.

Одредбата од став 3 на овој член нема да се применува за трговските марки или за имињата на трговските друштва што можат да бидат ставени веднаш, пред, или по деталите утврдени во овој правилник.

Кога текстилниот производ се нуди за продажба или кога му се продава на крајниот корисник, во трговската марка или името на трговското друштво е наведено што содржи, од сопственото или како придавка или како корен, едно од називите наведени во Прилог 1 на овој правилник, или име кое може да биде помешано со некое од нив, трговската марка или името на трговското друштво, треба веднаш да ги содржат пред или по тоа називите, описите и деталите за содржината на текстилните влакна утврдени во членовите од 3,4,5 и 6 и во Прилог 1 на овој правилник, на јасен и на читлив начин.

Кога текстилните производи се нудат за продажба или кога им се продаваат на крајните корисници, за нивно означување се користи македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

Во случајот на калеми, макари, клопчиња, канури или кој било друг вид на мало количество на конец за шиење, за крпење и за везење, опциите дадени во став 2 на овој член, можат да се применат само во случај на вклучено заедничко етикетирање на пакувањата или на изложеното.

Дозволена е употребата на описи или детали освен оние наведени во членовите 3, 4 и 5 на овој правилник, кои се однесуваат на карактеристиките на производите кога таквите описи или детали се конзистентни со практиките на лојална трговија.

VII. ОДРЕДУВАЊЕ НА СУРОВИНСКИОТ СОСТАВ НА ДВО ИЛИ ПОВЕЌЕ-КОМПОНЕНТНИ ПРОИЗВОДИ

Член 9

Секој текстилен производ составен од две или од повеќе компоненти (делови) што имаат различен состав на влакната има етикета во која се наведува составот на влакната на секоја компонента (дел). Таквото етикетирање нема да биде задолжително за компонентите што претставуваат помалку од 30% од вкупната маса на производот, исклучувајќи ги главните постави.

Кога два или повеќе текстилни производи имаат иста содржина на влакна и вообичаено претставуваат единствена целина, тие треба да имаат само една етикета.

Не исклучувајќи ја примената на одредбите од член 12 на овој правилник:

(а) составот на влакната на следните артикли се означува со давање на составот на целиот производ или на составот на компонентите наведени долу, или заедно, или одделно:

- за градници: надворешниот и внатрешниот материјал на корпите и задниот дел;
- за стезник: предниот дел, задниот дел и страничните делови за стегање;
- за градник со стезник: надворешниот и внатрешниот материјал на корпите, предниот и задниот дел за зацврстување на страничните делови за стегање.

Составот на влакната на корсетните производи, што не се наведени во точка а) на овој член, се означува со наведување на составот на целиот производ заедно, или одделно, или составот на различните компоненти на артиклите. Таквото етикетирање нема да биде задолжително за компонентите што претставуваат помалку од 10% од вкупната маса на прозиводот.Одделното етикетирање на различните делови од корсетните производи, се врши на таков начин што крајниот корисник може лесно да разбере на кој дел од производот се однесуваат деталите на етикетата;

(б) составот на влакната за печатен/гравиран текстилен производ се дава за целиот производ или одделно, за основниот материјал и печатените/гравираните делови; овие компоненти мора да се наведат по име;

(в) составот на влакната на везен текстилен производ се дава за целиот производ и се означува со наведување, одделно, на составот на основниот материјал и на везениот дел. Овие компоненти мора да се наведат по име, а ако везените делови изнесуваат помалку од 10% од површината на производот, треба да се наведе само составот на основниот материјал;

(г) составот на влакната на предивата што се состојат од јадро и обвивка направени од различни влакна, и се нудат за продажба како такви на корисникот, се дава за производот како целина и може да биде означен со давање на составот на јадрото и на обвивката одделно; при што овие компоненти мора да се наведат по име;

(д) составот на влакната на плишан и на кадифен текстил, или на текстил што личи на плиш или на кадифе, се дава на производот како целина и, кога производот има различна основа и флор составени од различни влакна, може да се даде одделно за овие два дела, кои мора да се наведат по име;

(ѓ) составот на прекривките за под и на ќилимите чија опачина и лице се составени од различни видови влакна може да се наведе само за корисната површина (лицето), што мора да се наведе дека се однесува на таа површина.

Член 10

Одредбите од членовите 8 и 9 на овој правилник не се применуваат во следниве случаи:

(а) во случај на текстилните производи наведени во Прилог 3 на овој правилник, кои се во некоја од состојбите наведени во член 2 став 1 на овој правилник, може да не се бара етикетирање или обележување во смисол на име и состав. Меѓутоа, одредбите од членовите 8 и 9 на овој правилник, се применуваат кога таквите производи носат етикета или марка со која се наведува името или составот, или трговската марка или името на трговското друштво што вклучува, во своето име, како придавка или како корен, едно од имињата наведени во прилог 1 на овој правилник. Користењето не треба да ги доведе потрошувачите во заблуда;

(б) кога текстилните производи наведени во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник на овој правилник, се од ист вид и состав, тие можат да бидат пону-

дени за продажба заедно под заедничка етикета со која се даваат деталите за составот наведени во овој правилник;

(в) составот на текстилните производи што се продаваат на метар треба да биде означен по должината, или на ролната што се нуди за продажба.

Член 11

За примена на одредбата на член 8 став 1 на овој правилник, како и на другите одредби од овој правилник, кои се однесуваат на етикетирање на текстилните производи, процентот на влакната утврден во членовите 4, 5 и 6 на овој правилник, се одредува без да се земе во предвид следново:

1. За сите текстилни производи:

нетекстилни делови, паспули, ознаки и беџеви, рабови и траки што не претставуваат составен дел од производот, копчиња и шноли преслечени со текстилни материјали, додатоци, декорации, нееластични панделки, еластични конци и ленти додадени на точно одредени и лимитирани места на производот, кои подлежат на условите специфицирани во член 7 на овој правилник, видливи, изолирани влакна кои се чисто декоративни и антистатички;

2. За текстилните производи:

(а) за подни прекривки и ќилими сите компоненти, различни од лицето (корисната површина) ;

(б) за материјали за тапацирање; основи и јатоци за врзување и полнење што не претставуваат дел од корисната површина;

(в) за драпери и завеси: основи и јатоци за врзување и полнење кои не го формираат лицето на ткаенината;

(г) за други текстилни производи: ткаенини за основа или подлога, додатоци за импрегнирање и зајакнување, внатрешни постави и платнени постави (канвас), конци за шиење и соединување, освен ако не ја заменуваат основата и/или јатокот на ткаенината, полнила кои немаат изолаторска функција и подлежат на член 9 став 1, постави.

За целите на одредбата од став 1 точка 2 подточка (г):

- основниот или материјалот за подлога на текстилните производи што служат како потпора на корисната површина, особено кај ќебињата и двојните ткаенини, опачината на плишаните или на кадифени ткаенини и на сличните производи, нема да се смеаат за елементи што се отстрануваат.

- ”скробени – импрегнирани и пополнети заради зајакнување”, значи предива или материјали што се додаваат на точно одредени и ограничени места на текстилните производи за да ги зајакнат и да им дадат цврстина или дебелина.

3. Масни супстанци, врзувачи, средства за зголемување на масата и средства за скробење и импрегнирање, додатоци за боење и печатење и други производи за обработка на текстилот. Овие делови не треба да бидат присутни во количества што можат да го наведат потрошувачот на погрешен заклучок.

Член 12

Проверките за тоа дали составот на текстилните производи е во сообразност со информациите дадени во согласност со овој правилник се вршат со методите за анализи специфицирани со техничките прописи. Процентот на влакната во членовите 4, 5 и 6 на овој правилник, се одредува така што на сувата маса на секое влакно се додава соодветниот пропишан додаток наведен во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник, откако ќе се отстранат поедини материи наведени во член 12 став 1 и 2 на овој правилник.

За одредување на составот на влакната, утврдени со овој правилник, се применуваат одредбите од техничките прописи кои ги специфицираат методите за земање примероци и методите за анализа, кои се користат за одредување на составот на влакната опфатени со овој правилник.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

1. Пуштањето на пазарот на текстилните производи кои ги задоволуваат одредбите на овој правилник, не може да се спречи или забрани поради причини поврзани со имињата или спецификација на составот.

Член 14

Одредбите од овој правилник нема да се применуваат за текстилни производи ако:

1. се произведени во Република Македонија, а се наменети за извоз во земјите надвор од Европската унија или надвор од земјите членки на Европскиот економски простор;

2. влегуваат под царинска контрола, за транзитни цели;

3. се увезуваат од земјите надвор од Европската унија или надвор од земјите членки на Европскиот економски простор за „лон” производство;

4. се произведени од лица што работат во своите домови, а се ослободени од договорните обврски, како и од трговски друштва што дополнително работат со производи на кои немаат право на сопственост, а кои тие не можат да ги пласираат на пазарот.

Член 15

Со влегување на сила на овој правилник престануваат да важат:

- Наредбата за задолжително атестирање на памукот (“Службен лист на СФРЈ” бр. 4/79, 31/81)

- Наредбата за задолжително атестирање на волната (“Службен лист на СФРЈ” бр. 65/84) и

- Наредбата за текстилни производи од увоз што во промет мораат да бидат снабдени со уверение за квалитетот (“Службен лист на СФРЈ” бр.21/78).

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-3040/3
11 мај 2006 година
Скопје

Министер,
м-р **Фатмир Бесими,** с.р.

ПРИЛОГ 1

ТАБЕЛА НА ТЕКСТИЛНИ ВЛАКНА

Бр.	Име	Опис на влакно
1.	Волна[1]	Влакна од руно на овци или јагниња (Ovis aries)
2.	Алпака, лама, камила, кашмир, мохер, ангора викуна, јак, гванако, кашгора, дабар, видра, по кој следи или не името „волна“ или „влакно“[7]	Влакно од следниве животни: алпака, лама, камила, кашмирска коза, ангорска коза, ангорски зајак, викуна, јак, гванако, козја кашгора (вкрстување помеѓу кашмирска коза и ангорска коза), дабар, видра

[1] Името „волна” во ставка 1 од овој Анекс може исто така да се користи за да означи мешавина од влакна од руно на овци или јагнињa и влакната наведени во третата колона од ставка 2. Оваа одредба се применува за текстилни производи наведени во членовите 4 и 5, а не за оние наведени во член 6, ако последниве се делумно составени од влакната наведени во ставките 1 и 2.

3.	Животинско или коњско влакно, со или без ознака за видот на животно (на пр. влакно од добиток, влакно од коза, влакно од коњ)	Влакно од различни животни не споменати под 1 и 2
4.	Свила	Влакно добиено само од инсекти што лачат свила
5.	Памук	Влакно добиено од семето на растението памук (Gossypium)
6.	Капок	Влакно добиено од стеблото на овошјето капок (Ceiba pentandra)
7.	Лен	Влакно добиено од стеблото на билката лен (Linum usitatissimum)
8.	Вистински коноп	Влакно добиено од стеблото на растението коноп (Cannabis sativa)
9.	Јута	Влакно добиено од стеблото на Corchorus olitorius и Corchorus capsularis.За целите на оваа Директивa, влакната на стеблото добиени од следниве видови се третираат на ист начин како и јутата: Hibiscus cannabinus, Hibiscus sabdariffa, Abultilon avicennae, Urena lobata, Urena sinuta
10.	Абака (манилски коноп)	Влакно добиено од лист на Musa textilis
11.	Луцерка	Влакно добиено од листовите на Stipa tenacissima
12.	Кокосово влакно (кокосов орев)	Влакно добиено од овошјето Cocos nucifera
13.	Жолтиловка	Влакно добиено од стеблото на Cytisus scoparius и/или Spartium Junceum
14.	Рамија	Влакно добиено од стеблото на Boehmeria nivea и Boehmeria tenacissima
15.	Сисал	Влакно добиено од листовите на agave sisalana
16.	Бенгалски или Бомбајски коноп	Влакно од стеблото на Crotalaria juncea
17.	Хенекен	Влакно добиено од стеблото на Agave Fourcroydes
18.	Кантала	Влакно добиено од стеблото на Agave Cantala
19.	Ацетатно влакно	Ацетатцелулозно влакно од целулозен ацетат , во кое помалку од 92% , но најмалку 74% од хидроксилните групи се ацетилирани
20.	Алгинатно влакно	Влакно добиено од метални соли на алгинска киселина
21.	Купро влакно (cuprammonium rayon) купроамониум влакно	Регенерирано целулозно влакно добиено со бакарамониумска постапка
22.	Модално влакно	Регенерирано целулозно влакно добиено со модифициран вискозен процес кое што има висока јачина на кинење и висок модул во влажна состојба. Силата на кинење (ВС) во кондиционирана состојба и силата (ВМ) потребна за да се постигне издолжување од 5% во влажна состојба се: ВС (CN) ≥ 1,3 $\sqrt{T+2T}$ ВМ (CN) ≥ 0,5 $\sqrt{T}$ Каде што Т е просечна должинска маса во децитекси (dtex) .
23.	Протеинско влакно[7]	Влакно добиено од природни протеински супстанции регенерирано и стабилизирано со хемиски реагенси.
24.	Триацетат целулозно влакно	Влакно од целулузен ацетат во кое најмалку 92% од хидроксилните групи се ацетилирани
25.	Вискоза	Регенерирано целулозно влакно добиено по вискозна постапка
26.	Акрил[1]	Влакно формирано од линеарни макро молекули кои содржат најмалку 85% (во масата) акрилонитрил.
27.	Влакно кое содржи хлор - хлоровлакно	Влакно формирано од линеарни макро молекули кои во својата низа содржат повеќе од 50% од масата мономерни единици на винил хлорид или винилиден хлорид
28.	Влакно кое содржи флуор -флуоровлакно	Влакно формирано од линеарни макромолекули добиени со флуоројаглеродни алифатски мономери
29.	Модакрилно влакно[2]	Влакно формирано од линеарни макромолекули кои во низата имаат повеќе од 50%, а помалку од 85% масени акрилонитрилни единици.
30.	Полиамид или најлон[8]	Влакно формирано од синтетички линеарни макромолекули во чија што верига најмалку 85% од повторувачките амидни врски се споени со алифатични или циклоалифатични единици
31.	Арамид	Влакно формирано од синтетички линеарни макромолекули направени од ароматски групи споени со амидни или имидни врски, од кои најмалку 85% се споени директно со два ароматски прстени. Доколку се присутни имидни врски нивниот број не го недминува бројот на амидните врски.
32.	Полиимид	Влакно формирано од синтетички линеарни макромолекули кои што во веригата имаат имидни единици што се повторуваат.
33.	Лиоцел	Регенерирано целулозно влакно добиено со предење од раствор во органски растворувач.[3]

[2] Зборот „влакно" се подразбира.

[3] Се подразбира дека „органски растворувач" значи во суштина мешавина на органски хемикалии и вода.

33а	Полилактид	Влакно формирано од линеарни макромолекули кои што во својата верига имаат најмалку 85% масени единици естри на млечна киселина добиени од природни шеќери, со точка на топење 135 °C.
34.	Полиестер	Влакно формирано од линеарни макромолекули кои се состојат од најмалку 85% (од масата) од естер на диол и терефтална киселина
35.	Полиетилен[8]	Влакно формирано од линеарни макромолекули на несупституирани заситени алифатски јаглеводороди.
36.	Полипропилен[8]	Влакно формирано од линеарни макромолекули на заситени алифатски јаглеводороди, кај кои секој втор јаглероден атом во низата носи метилна странична група во изотактична конфигурација.
37.	Поликарбамид[8]	Влакно формирано од линеарни макромолекули кои во низата имаат повторувачка уриленска (NH-CO-NH) функционална група
38.	Полиуретан[8]	Влакно формирано од линеарни макромолекули кои во низата имаат повторувачка уретанска функционална група (NH-CO-O)
39.	Винил	Влакно формирано од линеарни макро молекули чија низа се состои од поли(винил алкохол) со различни степени на ацетилирање
40.	Тривинил[8]	Влакно формирано од терполимер на акрилонитрил, винил хлорид и трет винилен мономер, од кои ниту еден не претставува повеќе од 50% од вкупната маса
41.	Еластодиен[8]	Еластично влакно добиено од природен или синтетички полиизопрен, или од еден или повеќе диени полимеризирани со или без еден или повеќе винилни мономери, и кое кога ќе се растегне трипати повеќе од својата оригинална должина и се отпушти, брзо се враќа на својата првична должина
42.	Еластан	Еластично влакно составено од најмалку 85% масени единици сегментиран полиуретан, и кое кога ќе се растегне трипати повеќе од својата оригинална должина и се отпушти, брзо се враќа на својата првична должина
43.	Стаклено влакно	Влакно направено од стакло
44.	Име што соодветствува на материјалот од кој што се направени влакната, на пр. метал (метални, метализирани), азбест, хартија, по кои следи или не зборот „предиво“ или „влакно“	Влакна добиени од различни или нови материјали што не се наведени погоре

ПРИЛОГ 2

ДОГОВОРЕНИ ДОДАТОЦИ[4] ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТКА НА МАСАТА НА ВЛАКНА СОДРЖАНИ ВО ЕДЕН ТЕКСТИЛЕН ПРОИЗВОД

Бр. на влакно	Влакна	Проценти
1-2	Волна и животински влакна:	
	чешлани влакна	18,25
	кардирани влакна	17,00[5]
3	Животински влакна:	
	чешлани влакна	18,25
	кардирани влакна	17,00
	Коњски влакна:	
	чешлани влакна	16
	кардирани влакна	15
4	Свила	11
5	Памук:	
	Немерцеризирани влакна	8,5
	Мерцелизирани влакна	10,5
6	Капок	10,9
7	Лен	12
8	Вистински Коноп	12
9	Јута	17
10	Абака	14
11	Алфа или еспарто	14
12	Кокосово влакно	13
13	Жолтиловка	14
14	Рамија (побелено влакно)	8,5
15	Сисал	14
16	Бенгалски или Бомбајски коноп	12
17	Хенекен	14
18	Кантала	14
19	Ацетатно влакно	19
20	Алгинатно влакно	20
21	Купроамониумско влакно	13
22	Модално влакно	13
23	Протеинско влакно	17
24	Триацетатцелулозно влакно	7
25	Вискоза	13
26	Акрилно влакно	2
27	Влакно кое содржи хлор - хлоровлакно	2
28	Влакно кое содржи флуор-флуоровлакно	0
29	Модакрилно влакно	2
30	Полиамид или најлон:	
	Дисконтинуирано влакно (штапел)	6,25
	Континуирано влакно (филамент)	5,75
31	Арамид	8,00
32	Полиимид	3,5
33	Лиоцел	13,00
33а	Полилактид	1,50
34	Полиестер:	
	дисконтинуирано влакно (штапел)	1,5
	континуирано влакно (филамент)	1,5

[4]

[5] Додаток од 17,00% исто така ќе биде применет кога не е можно да се утврди дали текстилниот производ којшто содржи волна и/или животински влакна е чешлан или влачен.

35	Полиетилен	1,5
36	Полипропилен	2
37	Поликарбамид	2
38	Полиуретан:	
	дисконтинуирано влакно штапел)	3,5
	континуирано влакно (филамент)	3
39	Винилал	5
40	Тривинил	3
41	Еластодиен	1
42	Еластан	1,5
43	Стаклено влакно	
	со просечен дијаметар од над 5 μm	2
	со просечен дијаметар од 5 μm или помалку	3
44	Метално влакно	2
	Метализирано влакно	2
	Азбест	2
	Хартиено предиво	13,75

ПРИЛОГ 3

ПРОИЗВОДИ ШТО НЕ СЕ ПРЕДМЕТ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЕТИКЕТИРАЊЕ ИЛИ ОБЕЛЕЖУВАЊЕ

(член 10(1)(а))

1. Врвци за прошивање на ракави (од дланка до рамо и околу рамо)
2. Ремчиња за часовници од текстилни материјали
3. Етикети и бецеви; декоративни апликации на облеката
4. Полнети подлошки од текстил за работа во кујна
5. Капаци за сад за кафе (термо-капак)
6. Капаци за чајник (термо-капак)
7. Штитници за ракави
8. Муфови освен оние од плишест материјал
9. Вештачки цвеќиња
10. Перничиња за игли
11. Сликарско платно
12. Текстилни производи за подлога и ткаенини за зголемување на цврстината
13. Филцови
14. Стари конфекциски производи, каде што изричито стои дека се такви
15. Гамаши
16. Пакувања (амбалажа),кои не се нови и кои се продаваат како такви
17. Филцени шапки
18. Торби (контејнери) за седларски потреби, од текстилни материјали
19. Производи за патувања од текстилни материјали
20. Рачно украсени таписерии, завршени или не, и материјали за нивно производство, вклучувајќи предива за украсување, што се продаваат одделно од платната и се посебно дадени за употреба при изработка на таквите таписерии
21. Патент затварачи
22. Копчиња и токи преслечени со текстилни материјали
23. Корици за книги од текстилни материјали
24. Играчки
25. Текстилни делови од обувки, освен топли влошки
26. Прекривачи за на маса со неколку компоненти и со површина не поголема од 500 cm^2
27. Ракавици и крпи за рерна
28. Капаци за јајца (термо-капак)
29. Кутии за шминка
30. Торбички од текстил за тутун
31. Кутии од текстил за очила, цигари и пури, запалки и чешли
32. Заштитни реквизити за спортови со исклучок на ракавици
33. Тоалетни торбички
34. Торбички за прибор за чистење обувки
35. Погребни артикли
36. Артикли за една употреба, со исклучок на вата

За целите на овој правилник, производи направени за само една употреба или за употреба на ограничено време, и за нормална употреба која исклучува какво било нивно обновување за последователна употреба за иста или слична цел, се сметаат за употребливи само еднаш.

37. Текстилните производи што се предмет на Европската фармакопеја и кои се опфатени со референца за тие правила, завои за повеќе од една употреба за медицинска или ортопедска употреба и ортопедски тесктилни артикли воопшто.

38. Текстилни производи што вклучуваат ортоми, јажиња и ленти, предмет на став 12 од прилог IV, вообичаено наменети за:

а) употреба како компоненти на опремата во изработката или преработката на производи;

б) за вградување во машини, инсталации (на пр. за греење, ладење или осветлување), апарати за домаќинство или други апарати, возила и други средства за транспорт, или за нивно работење, одржување или опрема, освен циради и текстилни додатоци за во моторните возила што се продаваат одделно од возилото.

39. Текстилни производи за заштитни и безбедносни цели како што се безбедносни ремени, падобрани, појаси за спасување, корита за вонредни ситуации, средства против пожар, појаси отпорни на куршуми и специјални заштитни одела (на пр. за заштита од оган, хемиски супстанции или други ризици по безбедноста).

40. Воздушни конструкции (на пр. спортски сали, изложбени штандови или складишта), ако се обезбедни деталите за перформансите и техничките спецификации за овие артикли.

41. Едра
42. Облека за животни
43. Знамиња и транспаренти

ПРИЛОГ 4

ПРОИЗВОДИ ЗА КОИ Е ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗАЕДНИЧКО ЕТИКЕТИРАЊЕ ИЛИ ОБЕЛЕЖУВАЊЕ

(член 10 (1) (б))

1. Крпи за подни површини
2. Крпи за чистење
3. Пораби и украси, чипки, везени и траки за порабување
4. Позамантерија (passementerie)
5. Текстилни ремени
6. Прерамки
7. Подвезици и појаси за чорапи (suspenders and garters)
8. Врвци за чевли и чизми
9. Панделки
10. Ластик
11. Нова амбалажа
12. Јажиња за пакување и земјоделска намена ортоми; ленти и јажиња освен оние што спаѓаат во ставка 38 од прилог III[6]
13. Прекривки за на маса
14. Шамивчиња
15. Мрежи за коса
16. Вратоврски и пепрутка-машни за деца
17. Лигавчиња; ракавици за бањање и крпи за лице
18. Конци за шиење, крпење и везење, дадени за малопродажба во мали количества со нето маса од 1 грам или помалку
19. Лента за завеси за прозорци и ролетни

[6] За производите коишто спаѓаат во оваа ставка и се продаваат по исечена должина, вклучителното етикетирање е тоа на макарата. Јажињата и ортомите што спаѓаат во оваа ставка ги вклучуваат оние што се користат за планинарење и спортови на вода.

789.

Врз основа на член 20 став1 точка 2 од Законот за безбедност на производите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/06), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА МЕТОДИ ЗА КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ДВОКОМПОНЕНТНИТЕ МЕШАВИНИ НА ТЕКСТИЛНИ ВЛАКНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за избор на методите за квантитативна анализа на одредени двокомпонентни текстилни мешавини на влакна, вклучувајќи и подготовка на лабораториски примероци за тестирање и епрувети за тестирање.

Член 2

Одделни поими употребени во овој правилник, го имаат следново значење:

"лабораториски примерок за тестирање" е примерок со погодна големина за анализа, земен од лабораториските основни примероци, кои се од своја страна земени од основниот примерок, односно од пратката за анализа.

"епрувета" е оној дел од лабораториските примерок за тестирање кој е потребен за добивање поединечен резултат од тестирањето.

Член 3

Во согласност со техничкиот пропис за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи, прописите за методите за квантитативна анализа за одредени двокомпонентни мешавини на текстилни влакна во прилозите 1 и 2 кои се составен дел на овој правилник, вклучувајќи подготовка на лабораториските примероци за тестирање и епрувети за тестирање, ќе се применуваат во сите тестови за да се одреди составот на текстилните производи кои се пуштени на пазарот.

Член 4

Во случај на тестирање на двокомпонентни мешавини за кои не постои договорен (усогласен) метод за анализа во согласност со овој правилник, содржан во Прилог 2, составот на таквата мешавина ќе биде определен со употреба на било кој пропишан достапен метод.

Резултатот кој се добива, треба да се наведе во извештајот од анализата, заедно со степенот на точноста на методот кој се користи, доколку е познат.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-3040/4
11 мај 2006 година
Скопје

Министер,
м-р **Фатмир Бесими,** с.р.

ПРИЛОГ 1

ПОДГОТОВКА НА ЛАБОРАТОРИСКИ ПРИМЕРОЦИ И ЕПРУВЕТИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА СУРОВИНСКИОТ СОСТАВОТ НА ТЕКСТИЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој прилог ги дава постапките за добивање лабораториски примероци за тестирање со големина соодветна за подготовка за квантитативна анализа (т. е. со маса не поголема од 100 g) од големата количина на лабораториските примерок, и за селекција на епрувета за тестирање од лабораториските примероци за тестирање, кои биле предобработени со отстранување на невлакнестите материи[1].

2. ДЕФИНИЦИИ

2.1. Основен примерок-пратка – е количина материјал, проценета врз основа на една серија резултати од тестирање. Може да ги вклучува, на пример, сите материјали во една пратка на текстил; сите ткаенини исткаени не еден сновачки ваљак; испорака на предиво, бала или повеќе бали сирово влакно.

2.2. Лабораториски основен примерок - е оној дел на основниот примерок-пратка, што се зема како претставник на целината и кој е наменет за лабораторијата. Големината и природата лабораториските основен примерок треба да биде доволна соодветно да ја опфати варијабилноста на основниот примерок-пратка и да овозможи едноставно ракување.[2]

2.3. Лабораториски примерок за тестирање – е оној дел од лабораториските основен примерок што е подложен на предобработка за отстранување на невлакнестите материи и од кој се зема епруветата за тестирање. Големината и природата на лабораториските примерок за тестирање треба да биде доволна за да соодветно ја опфати варијабилноста на лабораториските основен примерок.[3]

2.4. Епрувета за тестирање - Делот од материјалот потребен за обезбедување поединечни резултати од тестирањето, кој се избира од лабораториските извадок за тестирање.

3. ПРИНЦИП

Лабораториските примерок за тестирање се избира како претставник на лабораториските основен примерок.

Епруветите за тестирање се земаат од лабораториските примерок за тестирање така што секоја од нив е претставник на лабораториските примерок за тестирање.

4. ЗЕМАЊЕ ЕПРУВЕТА (sampling) ОД СЛОБОДНИ ВЛАКНА

4.1. Неориентирани влакна - Лабораториските примерок за тестирање се добива со случајна селекција на снопчиња од лабораториските основен примерок. Измешајте го добро целиот лабораториски примерок за тестирање користејќи лабораториски чешел[4]. Подгответе ја копрената или мешавината за предобработка, вклучувајќи ги и слободните влакна и влакната залепени за опремата за мешање. Потоа изберете епрувета за тестирање, пропорционално на масите, од копрената или мешавината, од слободните влакна и од влакната залепени на опремата.

Ако влачената копрена остане непроменета по предобработката, изберете епрувета за тестирање на начин опишан под 4.2. Ако се јавуваат промени кај влачената копрена по предобработката, изберете ја секоја епрувета за тестирање со случајно отстранување на најмалку 16 мали снопчиња со соодветна и приближно иста големина и потоа измешајте ги.

4.2. Ориентирани влакна (влачени ленти, чешлани ленти, филамент, претпредива) - Од случајно избраните делови на лабораториските основни примероци, секое од нив со не помалку од 10 пресеци и со маса од прибижно 1 g/пресек. Направете предобработка на така формираниот лабораториски примерок за тестирање. Поредете ги повторно пресеците еден до друг и земете

[1] Во некои случаи потребна е и предобработка на секоја епрувета.

[2] За готови производи со и без доработка (види дел 7).

[3] Види точка 1

[4] Лабораториските чешел може да се замени со мешач на влакна, или влакната може да се мешаат со користење на методот собирање и растурање (РАЧНО ХОМОГЕНИЗИРАЊЕ).

нова епрувета за тестирање со сечење низ нив, така што ќе земете парче од секоја од десетте должини во новата епрувета.

5. ЗЕМАЊЕ ЕПРУВЕТА (sampling) ОД ПРЕДИВО

5.1. Предиво во пакување или канури – Формирајте основен лабораториски примерок од предиво во пакување или канури.

Од секоја намотка, континуирано се извлекува предиво со еднаква должина, или се намотува канура на мотовило со ист број на вртежи, или на некој друг начин. Издвоените канури се редат по должина една до друга за да се формира лабораториски примерок за тестирање, при што треба да биде задоволен условот во секоја канура да има еднаква должина од секое пакување.

Подвргнете го лабораториски primerok за тестирање на предобработка.

Земете епрувета за тестирање од лабораториски примерок за тестирање со сечење на сноп со еднакви должини од сите канури, при тоа внимавајќи снопот да содржи предиво од сите канури.

Ако финоста на предивото го обележиме со t и бројот на пакувања избрани од лабораториски основен примерок со n, за да се добие лабораториски примерок за тестирање со маса од 10 g, должината на предивото што треба да се повлече од секое пакување изнесува

$$\frac{10^6}{Nt} см.$$

Ако nt е поголем од, на пример, 2000, намотајте потешко клопче и пресечете го на две места така што ќе се добие трака со соодветна маса. Краевите на секој примерок во форма на трака треба да се цврсто врзани пред предобработката, а епруветата за тестирање треба да се избере од место оддалечено од врзаните краеви.

5.2. Предиво на основин ваљак (основа) - Земете лабораториски примерок за тестирање со сечење на должина од еден крај на основата, не помала од 20 cm и со вклучување на сите предива во основата, со исклучок на опшиените рабови, кои се отфрлаат. Врзете го снопот од основини жици блиску до едниот крај со конец. Ако снопот е преголем за подложување на предобработка, раздвојте го на два или повеќе дела, секој од нив врзете го пред предобработката и соедините ги откако секој од нив поединечно бил третиран. Земете епрувета за тестирање со сечење на соодветна должина од лабораториски примерок за тестирање, доволно далеку од врзаните краеви , водејќи сметка епруветата да ги содржи сите основни жици. За основа од N жици со финост (tex) t, должината на епрувета со маса од 1 g изнесува $\frac{10^5}{Nt} см.$

6. ЗЕМАЊЕ ЕПРУВЕТА (sampling) ОД ТКАЕНИНА И ДРУГА МЕТРАЖНА СТОКА

6.1. Од лабораториски основен примерок составен од едно репрезентативно парче ткаенина

- Пресечете дијагонална лента од едниот до другиот крај и отстранете ги опшиените рабови. Оваа лента претставува лабораториски примерок за тестирање. За да се добие лабораториски примерок за тестирање од x g, површината на лентата треба да биде $\frac{x10^4}{G} см^2$, каде што G е масата на ткаенината во g/m^2.

Подвргнете го лабораториски примерок за тестирање на предобработка и потоа исечете ја лентата напречно во четири еднакви должини и ставете ги една врз друга.

Земете епрувети за тестирање од кој било дел на наредениот материјал со сечење низ сите слоеви, така што секоја епрувета да содржи еднаква должина од секој слој.

Ако ткаенината има исткаен дезен, тогаш ширината на лабораториски примерок за тестирање, измерена паралелно со насоката на основата, не треба да биде помала од едно повторување на дезенот на основата (рапорт). Ако, со задоволувањето на овој услов, лабораториски примерок за тестирање е преголем за да се третира одеднаш, пресечете го на еднакви делови, и третирајте го секој одделно, наредете ги овие делови еден врз друг пред изборот на епруветата за тестирање и внимавајте деловите со ист дезен да не се поклопуваат.

6.2. Од лабораториски основен примерок составен од неколку парчиња

- Применете ја постапката опишана под 6.1 за секое парче и претставете ги резултатите одделно.

7. ЗЕМАЊЕ ЕПРУВЕТА (sempling) ОД ГОТОВИ КОНФЕКЦИОНИРАНИ И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ СО И БЕЗ ДОРАБОТКА

Лабораториски основен примерок обично претставува готов конфекциониран или друг производ со или без доработка или нивен репрезентативен дел.

Кога е тоа соодветно, утврдете го процентот на различните делови од артиклот што немаат иста содржина на влакна со цел да се провери усогласеноста со член 9 од правилникот за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи.

Изберете лабораториски примерок за тестирање, репрезент на делот готови производи со или без доработка, чиј состав мора да биде прикажан на етикетата. Ако за артиклот постојат неколку етикети, изберете лабораториски примероци за тестирање што ќе го претставуваат секој дел претставен на некоја етикета.

Ако артиклот, чиј состав треба да се утврди, не е еднообразен, можеби ќе биде неопходно да се изберат лабораториски примероци за тестирање од секој од деловите на артиклот и да се утврди релативната застапеност на различните делови во однос на целината на предметниот производ.

Потоа пресметајте го процентот на компонентите земајќи ја предвид релативната застапеност на деловите земени како епрувета.

Подвргнете го лабораториски примерок за тестирање на предобработка.

Потоа изберете епрувети за тестирање, репрезенти на предобработениот лабораториски примерок за тестирање и подгответе го.

ПРИЛОГ 2

МЕТОДИ ЗА КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ОДРЕДЕНИ ДВОКОМПОНЕНТНИ МЕШАВИНИ НА ВЛАКНА

1. ОПШТО

Вовед

Методите за квантитативна анализа на мешавините на влакна се темелат на два главни процеса: рачно раздвојување и хемиско раздвојување на влакната.

Методот на рачно раздвојување треба да се користи секаде каде што е можно, бидејќи, во суштина, дава поточни резултати од хемискиот метод. Може да се користи за сите текстилни производи, каде што влакната не се многу измешани, како на пример, предиво составено од неколку елементи, каде што секој од нив е составен од еден вид влакно или ткаенина во која основата е направена од еден, а јатокот од друг вид влакно; или плетенини, кои може да се расплетат, а се направени од различни видови влакна.

Во основа, методите за квантитативна хемиска анализа се темелат на селективно растворање на одделните компоненти. По отстранувањето на некоја компонента, нерастворливиот остаток се мери и се пресметува процентот на компонентата од загубата во маса. Првиот дел од анексот ги дава важечките информации за анализите со овој метод на сите мешавини од влакна разгледани во анексот, без оглед на нивниот состав. Поради тоа, треба да се користат заедно со посебните делови од прилогот, кои ги содржат деталните постапки применливи за одредени мешавини на влакна. Понекогаш, анализата се базира на принцип различен од селективното растворање; за таквите случаи, комплетните информации се дадени во соодветен дел.

Мешавините на влакна во текот на производството, и во помал обем, во доработените текстилни производи може да содржат невлакнести материи, како што се: масти, восоци или додатоци, или материи растворливи во вода, кои вообичаено се појавуваат или се додадени за олеснување на производството. Невлакнестите материи мора да се отстранат пред анализата. Од таа причина претставен е и методот за отстранување на маслата, мастите, восоците и материите растворливи во вода.

Понатаму, текстилните производи може да содржат смоли или други материи што се додаваат со цел подобрување на некои карактеристики. Таквите материи, вклучувајќи ги и боите во одредени случаи, можат да интерферираат содејство на реагенсот врз растворливите компоненти и/или може делумно или целосно да го попречат дејството на реагенсот. Овој вид додадени материи може на тој начин да предизвикаат грешка и треба да се отстранат пред анализирањето на примерокот. Ако не постои можност за отстранување на таквите додадени материи, методите за квантитавна хемиска анализа, претставени во овој анекс, нема да бидат применливи.

Бојата во бојадисаните ткаенини се смета за составен дел на влакното и не се отстранува.

Анализите се спроведуваат врз основа на сувата маса, за чие одредување постои посебна постапка.

Резултатите се добиваат кога врз сувата маса на секое влакно се применуваат договорените толеранции, наведени во прилог II од правилникот за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи.

Пред да се продолжи со анализата, мора да се идентификуваат сите влакна во мешавината. При користење на некои хемиски методи, нерастворливите компоненти во мешавината може делумно да се растворат во реагенсот што се користи за растворање на растворливите компоненти. Секаде каде што е можно, треба да се избираат реагенси што имаат мал или немаат никаков ефект врз нерастворливите влакна. Ако се забележи губење на маса во текот на анализата, тогаш резултатите треба да бидат коригирани; за таа цел, се даваат факторите на корекција. Овие фактори се утврдени во неколку лаборатории преку третирање влакна, исчистени во процесот на предобработка, со соодветни реагенси, утврдени во методот на анализа. Овие фактори на корекција се применуваат само на недеградирани влакна, а може да се јави потреба од различни фактори на корекција ако влакната биле деградирани пред или во текот на производството. Наведените постапки важат за поединечни испитувања. И во двата случаја на раздвојување, рачно или хемиско, треба да се направат најмалку две испитувања. За потврда, се препорачува, ако постои техничка можност, да се употреби алтернативна постапка, со која прво ќе се раствори компонентата, која со примена на стандардниот метод би останала како остаток.

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО МЕТОДИТЕ ЗА КВАНТИТАТИВНА ХЕМИСКА АНАЛИЗА НА МЕШАВИНИТЕ НА ТЕКСТИЛНИ ВЛАКНА

Информации, важечки за методите за квантитативна хемиска анализа на мешавините на влакна

I. 1. Подрачје на примена

Во подрачјето на примена на секој од методите се утврдува видот влакна за кој се применува тој метод.

I. 2. Принцип

По идентификувањето на компонентите во мешавината, невлакнестите материи се отстрануваат во соодветна предобработка, а потоа и една од компонентите, најчесто со селективно растворање[5]. Нерастворливиот остаток се мери и потоа се пресметува процентот на растворливата компонента од загубата во маса. Се препорачува растворање на влакното со најголем процент на застапеност, и на тој начин да се добие влакно со помал процент на застапеност во форма на остаток, освен ако тоа не претставува техничка тешкотија.

I. 3. Материјали и опрема

I. 3.1. Апарати

I. 3.1.1. Огноотпорни филтер-садови и одмерни лончиња со брусен капак, доволно големи да ги соберат тие садови, или која било друга опрема што дава идентични резултати

I. 3.1.2. Вакуум боци

I. 3.1.3. Ексикатор што содржи силика гел со индикатор.

I. 3.1.4. Сушара со вентилација за сушење на епруветите на температура од 105° ± 3 °C

I. 3.1.5. Аналитичка вага, со точност до 0.0002 g

I. 3.1.6. Апарат за ектракција по Soxhlet или друг апарат што дава идентични резултати

I. 3.2. Реагенси

I. 3.2.1. Петрол етер, редистилиран, фракција со точка на вриење од 40 до 60 °C

I. 3.2.2. Другите реагенси се наведени во соодветните делови на секој од методите. Сите користени реагенси треба да се со чистота за хемиска анализа..

I. 3.2.3. Дестилирана или дејонизирана вода

I. 4. Кондиционирање и услови за тестирање

Поради фактот што сувите материи се утврдени, нема потреба од кондиционирање на примероците или спроведување анализа во кондиционирани услови.

I. 5. Лабораториски примерок за тестирање

Земете лабораториски примерок за тестирање, претставник на лабораториското основен примерок, доволно голем за да ги обезбеди сите потребни епрувети за тестирање, секоја со маса од најмалку 1 g.

I. 6. Предобработка на лабораториското примерок за тестирање[6]

Во случај да имаме супстанција што не се зема предвид при процентуалната пресметка (види член 12 (3)) од Правилникот за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи), најпрвин таа треба да се отстрани со соодветен метод што нема да има никакво влијание на составните влакна.

За таа цел, невлакнестите материи што можат да се екстрахираат со петрол етер и вода се отстрануваат со третирање на сувата епрувета за тестирање во апарат за ектракција по Soxhlet со петрол етер, во период од еден час со минимална брзина од 6 циклуси на час. Оставете петрол етерот да испари од примерокот, кој потоа се екстрахира со директно потопување на примерокот во вода на собна температура, во период од еден час, а потоа уште еден час се потопува во вода на температура од 65 ± 5 °C, мешајќи ја течноста одвреме-навреме. Од-

[5] Методот бр. 12 е исклучок. Овој метод се заснова на утврдувањето на содржината на составните супстанци на една од двете компоненти.

[6] Види Анекс I.1

носот на течност : примерок треба да изнесува 100:1. Отстранете го вишокот вода од примерокот со цедење, всмукување или центрифугирање и потоа оставете го примерокот да се исуши.

Во случај невлакнестите материи да не може да се екстрахираат со петрол етер и вода, треба да се отстранат така што методот со вода опишан погоре ќе се замени со соодветен метод што нема битно да ги промени карактеристиките на влакното. Сепак, треба да се забележи дека кај некои неизбелени природни растителни влакна (на пр. јута, влакна од кокосов орев) со вообичаената предобработка со петрол етер и вода не се отстрануваат сите природни невлакнести материи; освен тоа, не се применува дополнителна предобработка, кога примерокот содржи средстваза доработка - апретура, кои не се растворааат ниту во петрол етер ниту во вода.

Извештаите од анализата треба да ги вклучуваат сите податоци за методите користени во предобработката.

I. 7. Постапка на тестирање

I. 7.1. Основни упатства

I. 7.1.1. Сушење

Сите постапки за сушење изведувајте ги не помалку од 4 часа и не повеќе од 16 часа на температура од 105 ± 3 °C во сушара со вентилација, така што вратата на сушарата да биде целосно затворена. Ако периодот на сушење трае помалку од 14 часа, примерокот мора да се мери за да се утврди дали масата останала непроменета. Масата се смета за непроменета ако, по дополнителното сушење во период од 60 минути, разликата е помала од 0,05 %.

Избегнувајте допирање со голи раце на огноотпорните филтер-садови и одмерните лончиња со брусен капак, примероците или остатоците за време на процесот на сушење, ладење или мерење.

Сушете ги примероците во одмерните лончиња со брусен капак со капаците покрај нив. По сушењето, затворете го одмерното лонче со брусен капак пред да го извадите од сушарата и брзо префрлете го во ексикаторот.

Во случај да користите други апарати, а не огноотпорни филтер-садови, постапката за сушење треба да обезбеди сушење на влакната без загуба на маса.

I. 7.1.2. Ладење

Ладењето вршете го во ексикатор, поставен до вагата, не помалку од два часа.

I. 7.1.3. Мерење

По ладењето, измерете го одмерното лонче со брусен капак во рок од 2 минути по вадењето од ексикаторот. Мерењето треба да е со точност до 0,0002 g.

I. 7.2. Постапка

Земете од предобработениот лабораториски примерок за тестирање, епрувета за тестирање со маса од најмалку 1 g. Пресечете го предивото или ткаенината во должини од околу 10 mm, иситнете ги колку што е можно повеќе. Исушете ја епруветата во одмерно лонче со брусен капак, изладете ја во ексикаторот и измерете ја. Префрлете ја епруветата во стаклениот сад утврден во соодветниот дел од важечкиот метод, измерете го одмерното лонче со брусен капак повторно и утврдете ја сувата маса на епруветата од разликата. Завршете го тестирањето како што е наведено во соодветниот дел на применетиот метод. Микроскопски проверете дали растворливите влакна целосно се отстраниле со постапката.

I. 8. Пресметка и изразување на резултатите

Изразете ја масата на нерастворливата компонента како процент од вкупната маса на влакната во мешавината. Процентот на растворливата компонента се добива како разлика. Пресметајте ги резултатите врз основа на чиста сува маса, коригирана со (а) договорените додатоци и (б) корекционите фактори, потребни за да се земе предвид загубата на маса во текот на предобработката и анализата. Пресметките треба да се вршат со примена на формулата дадена во I. 8.2.

I. 8.1. Пресметка на процентот на нерастворливата компонента врз основа на чиста и сува маса, не земајќи ја предвид загубата во маса на влакната во текот на предобработката

$$P_1\% = \frac{100rd}{m}$$

каде што

P_1 е процентот на чистата и сува нерастворлива компонента,

m е маса на сувиот примерок по предобработката,

r е маса на сувиот остаток,

d е факторот на корекција за загубата во маса на компонентата, нерастворлива во реагенсот во текот на анализата. Соодветните вредности за 'd' се дадени во соодветниот дел од секој метод.

Таквите вредности на 'd' се вообичаените вредности применливи на хемиски недеградираните влакна.

I. 8.2. Пресметка на процентот на нерастворливата компонента врз основа на апсолутно сува маса, земајќи ги предвид договорените додатоци, и каде што е потребно, факторите на корекција за загубите во маса во текот на предобработката

$$P_{1A}\% = \frac{100P_1\left(1+\frac{a_1+b_1}{100}\right)}{P_1\left(1+\frac{a_1+b_1}{100}\right)+(100-P_1)\left(1+\frac{a_2+b_2}{100}\right)}$$

каде што

P_{1A} е процентот на нерастворливата компонента, коригирана со договорените додатоци и корекционите фактори за загуба во маса во текот на предобработката,

P_1 е процентот на чистата и сува нерастворлива компонента, пресметан со помош на формулата дадена во I. 8.1.,

a_1 е договорените додатоци за нерастворливата компонента (види Прилог II од Правилникот за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи),

a_2 е договорениот додаток за растворливата компонента (види Прилог II од Правилникот за одредување на суровинксиот состав и називите на текстилните производи),

b_1 е процентот на загуба кај нерастворливата компонента настаната поради предобработката,

b_2 е процентот на загуба кај растворливата компонента настаната поради предобработката,

Процентот на втората компонента (P_{2A} %) е еднаков на 100 - P_{1A} %.

При примена на посебна предобработка, се јавува потреба од утврдување на вредностите b_1, b_2 и b_3, ако е тоа можно, со подложување на секоја чиста компонента на влакното на предобработка применета во анализата. Чисти влакна се оние што не содржат никакви невлакнести материи, со исклучок на оние што вообичаено се појавуваат (природно или поради процесот на производство), во состојбата (неизбелена, избелена), во која се наоѓаат во материјалот што треба да се анализира.

Во случај да нема достапни чисти одделени составни влакна употребени во производството на материјалот што треба да се анализира, мора да се користат

просечните вредности на b_1 и b_2 добиени со тестирање на чистите влакна слични на оние во мешавината што се испитува.

Во случај да се применува вообичаена предобработка за екстрахирање со петрол етер и вода, факторите на корекција b_1 и b_2 може главно да се игнорираат, освен во случаите на неизбелен памук, неизбелен лен и неизбелен коноп, каде што загубата поради предобработката најчесто се зема во износ од 4% и во случај на полипропилен 1%.

Во случај да станува збор за други влакна, загубата поради предобработката, најчесто, не се зема предвид при пресметките.

II. МЕТОД НА КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА СО РАЧНО РАЗДВОЈУВАЊЕ

II. 1. Подрачје на примена

Овој метод се применува на сите видови текстилни влакна, освен ако влакната не се премногу измешани, и ако постои можност за нивно раздвојување со рака.

II. 2. Принцип

По идентификувањето на компонентите на текстилот, невлакнестите материи се отстрануваат со соодветна предобработка и потоа влакната се одвојуваат рачно, се сушат и се мерат со цел да се пресмета застапеноста на секое влакно во мешавината.

II. 3. Апарати

II. 3.1. Одмерни лончиња со брусен капак или други апарати што даваат идентични резултати

II. 3.2. Ексикатор што содржи силика гел со индикатор

II. 3.3. Сушара со вентилација за сушење на примероците на температура од 105° ± 3 °C

II. 3.4. Аналитичка вага, со точност до 0.0002 g

II. 3.5. Апарат за ектракција по Soxhlet или друг апарат што дава идентични резултати

II. 3.6. Игла

II. 3.7. Уред за испитување на усуканоста или слични апарати

II. 4. Реагенси

II. 4.1. Петрол етер, редистилиран, фракција со точка на вриење од 40 до 60 °C

II. 4.2. Дестилирана или дејонизирана вода

II. 5. Кондиционитрање и услови за тестирање

Види I. 4.

II. 6. Лабораториски примерок за тестирање

Види I. 5.

II. 7. Предобработка на лабораторискиот примерок за тестирање

Види I. 6.

II. 8. Постапка

II. 8.1. Анализа на прediво

Изберете од претходно третираниот лабораториски примерок за тестирање, епрувета со маса не помала од 1 g. За многу фините предива, анализата може да се изведува на минимална должина од 30 m, без оглед на масата.

Пресечете го предивото на парчиња со соодветна должина и раздвојте ги различните видови влакна со помош на игла и ако е потребно, со уред за тестирање на усуканоста. Различните видови влакна добиени на тој начин се стават во претходно измерено одмерно лонче со брусен капак и се сушат на температура од 105 ± 3 °C до добивање на константна маса, како што е опишано во I. 7.1 и I. 7.2.

II. 8.2. Анализа на ткаенини и друга метражна стока

Изберете од претходно третираниот лабораториски примерок за тестирање, епрувета со маса не помала од 1 g. За да се избегне разресувањето сечењето вршете го исклучиво внимателно во правец на јатокот и на основата, или во случај на плетенини, во насока на низите и редовите. Раздвојте ги различните видови влакна и соберете ги во претходно измерените одмерни лончиња со брусен капак и постапете како што е опишано во II. 8.1.

II. 9. Пресметка и изразување на резултатите

Изразете ја масата на секое составно влакно како процент од вкупната маса на влакната во мешавината. Пресметајте ги резултатите врз основа на чиста сува маса, коригирана со (а) договорените додатоци и (б) факторите на корекција, потребни за да се земе предвид загубата на маса во текот на предобработката.

II. 9.1. Пресметка на процентот на нерастворливата компонента врз основа на апсолутно сува маса, не земајќи ја предвид загубата во маса на влакната во текот на предобработката

$$P_1\% = \frac{100m_1}{m_1 + m_2} = \frac{100}{1 + \frac{m_2}{m_1}}$$

каде што

P_1 е процентот на првата апсолутно сува компонента,

m_1 е апсолутно сува маса на првата компонента,

m_2 е апсолутно сува маса на втората компонента.

II. 9.2. За пресметка на процентот на секоја компонента со коригирање со договорените додатоци, и каде што е потребно, корекционите фактори за загубите во маса во текот на предобработката, види I. 8.2.

III. 1. Прецизност на методите

Прецизноста наведена во посебните методи се однесува на повторливоста.

Повторливоста се однесува на веродостојноста, т. е. усогласеноста меѓу експерименталните вредности добиени од страна на операторите во различни лаборатории или во различно време при што се користи истиот метод за добивање поединечни резултати за примероците од идентична хомогена мешавина.

Повторливоста се изразува со граници на сигурност на резултатите со ниво на сигурност од 95%.

Тоа значи дека разликата меѓу двата резултата добиени при серија анализи спроведени во различни лаборатории, при доследна и точна примена на методот врз идентична и хомогена мешавина, ќе биде поголема во само 5 од 100 случаи.

III. 2. Извештај од тестирањето

III. 2.1. Наведете дека анализата беше спроведена во согласност со овој метод.

III. 2.2. Опишете ги посебните предобработки (Види I. 6).

III. 2.3. Наведете ги поединечните резултати и аритметичката средина, секоја со точност од 0,1.

2. ПОСЕБНИ МЕТОДИ – ЗБИРНА ТАБЕЛА

Метод	Поле на примена		Реагенс
бр. 1	Ацетат	Други влакна	Ацетон
бр. 2	Некои протеински влакна	Други влакна	Хипохлорит

бр. 3	Вискоза, купро или одредени видови модално влакно	Памук	Мравја киселина и цинк хлорид
бр. 4	Полиамид	Некои други влакна	Мравја киселина, 80% m/m
бр. 5	Ацетат	Триацетат	Бензил алкохол
бр. 6	Триацетат	Други влакна	Дихлорометан
бр. 7	Одредени целулозни влакна	Полиестер	Сулфурна киселина, 75% m/m
бр. 8	Акрилни, одредени модакрилни влакна или одредени хлоровлакна	Некои други влакна	Диметилформамид
бр. 9	Одредени хлоровлакна	Други влакна	Јаглерод дисулфид/ацетон 55,5/44,5 v/v
бр. 10	Ацетат	Одредени хлоровлакна	Глацијална оцетна киселина
бр. 11	Свила	Волна или животинкси влакна	Сулфурна киселина, 75% m/m
бр. 12	Јута	Одредени животински влакна	Метод за одредување на содржината на азот
бр. 13	Полипропилен	Други влакна	Ксилен
бр. 14	Хлоровлакна (хомополимери на винил хлорид)	Други влакна	Метод со примена на концентрирана сулфурна киселина
бр. 15	Хлоровлакна, одредени модакрилни влакна, одредени еластински влакна, ацетати, триацетати	Дуги влакна	Циклохексанон

МЕТОД бр. 1

АЦЕТАТ И ДРУГИ ВЛАКНА
(Метод со примена на ацетон)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. ацетат (19)
со
2. волна (1), животински влакна (2 и 3), свила (4), памук (5), лен (7), вистински коноп (8), јута (9), абака (10), алфа (11), кокос (12), брум (13), рамија (14), сисал (15), купро (21), модални влакна (22), протеински влакна (23), вискоза (25), акрил (26), полиамид (30) и полиестер (31).

Во никој случај методот не се применува за ацетатни влакна што биле деацетилирани на површината.

2. ПРИНЦИП

Од мешавина со позната сува маса, ацетатното влакно се отстранува со растворање со ацетон. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, по потреба коригирана, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на сувото ацетатно влакно се добива од разликата

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (како дополнение на листата наведена во општите упатства)

3.1. Апарати

Ерленмаерки со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 ml

3.2. Реагенс

Ацетон

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:

Додадете 100 ml ацетон по грам епрувета ставена во ерленмаерот со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 ml, протресете го садот, оставете го да отстои 30 минути на собна температура, промешувајте одвреме-навреме и потоа преточете ја течноста низ измерениот огноотпорен филтер-сад.

Повторете ја постапката уште два пати (екстрахирањето треба да се изврши вкупно три пати), но во период од само 15 минути, така што вкупното време на постапката со ацетон да трае еден час. Пренесете го остатокот во огноотпорниот филтер-сад. Измијте го остатокот во огноотпорниот филтер-сад, со ацетон и вакуумирајте. Повторно наполнете го садот со ацетон и оставете го да се исцеди.

На крај, исцедете ја содржината во садот со вакуумирање, исушете ги садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' е 1,00.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 2

НЕКОИ ПРОТЕИНСКИ ВЛАКНА И ДРУГИ СООДВЕТНИ ВЛАКНА
(Метод со користење на хипохлорит)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. одредени протеински влакна, имено: волна (1), животински влакна (2 и 3), свила (4), протеин (23)
со
2. памучно (5), купро (21), вискозно (25), акрилно (26), хлоровлакно (27), полиамидно (30), полиестерско (31), полипропиленско (33), еластанско (39) и стаклено влакно (40).

Ако има повеќе протеински влакна, методот ќе го даде вкупниот збир, а не и нивните поединечни количества.

2. ПРИНЦИП

Протеинското влакно се отстранува со растворање од сувата маса на мешавината со раствор на хипохлорит. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, по потреба коригирана, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на сувото протеинско влакно се добива од разликата.

За подготовка на растворот на хипохлорит може да се користи литиум хипохлорит или натриум хипохлорит.

Литиум хипохлоритот се препорачува во случај на мал број анализи или анализи што се изведуваат на поголеми временски интервали. Ова е поради фактот што процентот на хипохлоритот во цврстиот литиум хипохлорит

- за разлика од натриум хипохлоритот - е практично константен. Ако процентот на хипохлорит е познат, содржината на хипохлорит при секоја анализа не мора да се проверува јодометрички.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

(i) лабораториско шише -Erlenmeyer со стаклен затворач , 250 ml;

(ii) термостатирана бања, со регулација на температура 20 (± 2) °C.

3.2. Реагенси

(i) хипохлорит

(а) раствор на литиум хипохлорит

Реагенсот се состои од свежо подготвен раствор што содржи 35 (± 2) g/l активен хлор (приближно 1 M), на кој му се додава 5 (± 0,5) g/l претходно растворен натриумхидроксид. При подготовката, растворете 100 грама литиум хипохлорит што содржи 35% активен хлор (или 115 грама што содржат 30% активен хлор) во приближно 700 ml дестилирана вода, додадете 5 грама натриумхидроксид растворен во приближно 200 ml дестилирана вода и додавајте дестилирана вода до 1 литар. Свежо подготвениот раствор не треба да се проверува јодометрички.

(б) Раствор на натриум хипохлорит

Реагенсот се состои од свежо подготвен раствор што содржи 35 (± 2) g/l активен хлор (приближно 1 M), на кој му се додава 5 (± 0,5) g/l претходно растворен натриум хидроксид.

Пред секоја анализа проверете ја содржината на активен хлор во растворот, јодометрички.

(ii) Разреден раствор на оцетна киселина,

Разредете 5 ml глацијална оцетна киселина со вода до 1 l.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин: измешајте приближно 1 грам од примерокот со приближно 100 ml хипохлоритен раствор (литиум- или натриум хипохлорит) во Ерленмаер, со зафатнина од 250 ml и затресете го шишето со цел да го натопите.

Потоа 40 минути загревајте го Ерленмаерот во термостатирана бања на температура од 20 °C и постојано затресувајте го, или барем одвреме-навреме. Бидејќи растворањето на волната има егзотермички карактер, топлината настаната при користењето на овој метод треба континуирано да се одведува. Инаку, може да се појават значителни грешки поради растворање на нерастворливите влакна.

По 40 минути, филтрирајте ја содржината од ерленмаерот низ измерен огноотпорен филтер-сад и префрлете ги останатите влакна во огноотпорниот филтер-сад со плакнење на шишето со малку хипохлоритен раствор. Исцедете го остатокот во садот со вакуумирање и измијте го последователно со вода, разредена оцетна киселина, и повторно со вода, И вакуумирајте по секое додавање на течност. Немојте да применувате вакуумирање се додека секоја од течностите не се исцеди.

На крај, исцедете го остатокот во садот со вакуумирање, исушете го садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' изнесува 1,00, со исклучок на памукот, вискозата и модалното влакно, за кои 'd' = 1,01, и за неизбелен памук, за кој 'd' = 1,03.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 3

ВИСКОЗНИ, КУПРО ИЛИ ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ МОДАЛНИ И ПАМУЧНИ ВЛАКНА (Метод со користење мравја киселина и цинк хлорид)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. вискозни (25) или купро (21), вклучувајќи и одредени видови модални влакна (22),
со

2. памук (5).

Во случај да има модални влакна, треба да се изврши прелиминарно тестирање за да се утврди дали е влакното растворливо во реагенсот.

Овој метод не се применува за мешавините во кои памукот бил подложен на хемиска деградација или кога вискозата или купрото не се раствора поради присуството на одредени бои или додатоци што не може целосно да се отстранат.

2. ПРИНЦИП

Вискозата, купрото или модалните влакна се отстрануваат со растворање од сувата маса на мешавината со реагенс составен од мравја киселина и цинк хлорид. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, која по потреба се коригира, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на сувото влакно од вискоза, купро или модално влакно се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

(i) Ерленмаерки со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 ml

(ii) термостатирана бања на температура од 40 (± 2) °C.

3.2. Реагенси

(i) раствор што содржи 20 g растопен анхидриран цинк хлорид и 68 g анхидрирана мравја киселина, во

кој се додава вода за да се достигне тежина од 100 g (имено 20 масени делови од растопен анхидриран цинк хлорид кон 80 масени делови од 85 % m/m мравја киселина)

Забелешка:

Во тој поглед, треба да се обрне внимание на точка I. 3.2.2, која утврдува дека сите користени реагенси треба да се хемиски чисти; понатаму, важно е да се користи само растопен анхидриран цинк хлорид.

(ii) Раствор на амониум хидроксид: растворете 20 ml концентриран раствор на амонијак (специфична густина од 0,880 g/ml) со вода до 1 литар.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин: веднаш ставете ја епруветата во лабораториското шише, претходно загреано на температура од 40 °C. Додадете 100 ml раствор од мравја киселина и цинк хлорид, претходно загреан на температура од 40 °C, по грам епрувета. Затворете го шишето и силно затресете го. Чувајте го шишето и содржината во него на константна температура од 40 °C во период од два и пол часа, така што на секој час ќе го затресувате шишето. Филтрирајте ја содржината од ерленмаерот низ огноотпорниот филтер-сад и со помош на реагенсот префрлете ги во филтер-садот сите влакна што останале во ерленмаерот. Исплакнете со 20 ml реагенс.

Добро измијте ги садот и остатокот со вода на температура од 40 °C. Исплакнете го влакнестиот остаток во приближно 100 ml ладен раствор на амонијак (3.2.ii), осигурувајќи дека остатокот бил целосно натопен во растворот за период од 10 минути[7]; потоа добро исплакнете го со студена вода.

Немојте да применувате вакуумирање се додека секоја од течностите не се исцеди. На крај, исцедете го остатокот во садот со вакуумирање, исушете ги и садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' за памукот изнесува 1,02.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 2 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 4

ПОЛИАМИДНИ И ДРУГИ ВЛАКНА
(Метод со користење 80% m/m мравја киселина)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. полиамидни влакна (30),

со

2. волнени (1), животински влакна (2 и 3), памучни (5), купро (21), модални влакна (22), вискозни (25), акрилни (26), хлоровлакна (27), полиестерски (31), полипропиленски (33) и стаклени влакна (40).

Како што е споменато претходно, овој метод исто така се применува на мешавините со волна, но кога содржината на волна е поголема од 25%, треба да се примени методот бр. 2 (растворање на волна во раствор од алкален натриум хипохлорит).

2. ПРИНЦИП

Влакната на полиамидот се отстрануваат со растворање од сувата маса на мешавината со помош на мрајва киселина. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, по потреба коригирана, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на сувиот полиамид се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

Ерленмаерка со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 ml.

3.2. Реагенси

(i) Мравја киселина (80% m/m, релативна густина на 20 °C: 1,186). Разредете 880 мл од 90 % м/м мравја киселина (со релативна густина на 20 °C: 1,204) со вода до 1 литар. Или, разредете 780 ml од 98 до 100 % m/m мравја киселина (со релативна густина на 20 °C: 1,220) со вода до 1 литар.

Концентрацијата не е критична ако се движи од 77 до 83% m/mмравја киселина.

(ii) Разреден раствор на амонијак: разредете 80 ml концентриран раствор на амонијак (со релативна густина на 20 °C: 0,880) со вода до 1 литар.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин: Додадете 100 ml мравја киселина по грам епрувета, која е ставена во ерленмаерката со зафатнина од најмалку 200 ml. Затворете ја и протресете ја со цел да се натопи епруветата. Оставете го шишето да отстои 15 минути на собна температура, одвреме-навреме протресувајќи ја. Прецедете ја содржината од ерленмаерката низ огноотпорниот филтер-сад и префрлете ги сите влакна што останале во садот, со миење на шишето со раствор од мравја киселина. Исцедете го остатокот во филтер садот со вакуумирање и измијте го остатокот на филтерот последователно со раствор од мравја киселина, топла вода, разреден раствор од амонијак и повторно со вода, така што ќе вакуумирате по секое додавање течност. Немојте да применувате вакуумирање се додека секоја од течностите не се исцеди. На крај, исцедете го остатокот во садот со вакуумирање, исушете ги садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' е 1,00.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

[7] За да осигурате дека влакнестиот остаток е натопен во растворот на амонијак 10 минути, можете на пример да употребите адаптер на садот со филтер, на кој е прицврстена славина за регулирање на истекот на растворот на амонијак.

МЕТОД бр. 5

АЦЕТАТНИ И ТРИАЦЕТАТНИ ВЛАКНА
(Метод со користење бензил алкохол)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

- ацетатни влакна (19)
со

- триацетатни влакна (24)

2. ПРИНЦИП

Ацетатното влакно се отстранува со растворање од сувата маса на мешавината со бензил алкохол на температура од 52 ± 2 °C.

Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса и се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на сувиот ацетат се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

(i) Ерленмаерка со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 ml

(ii) механичка мешалка

(iii) термостатирана бања на температура од 52 ± 2 °C

3.2. Реагенси

(i) бензил алкохол,

(ii) етанол.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:

Додадете 100 ml бензил алкохол по грам епрувета, која е ставена во ерленмаерката. Затворете ја ерленмаерката и потопете ја во водната бања, на температура од 52 ± 2 °C. Мешајте со механичката мешалка во период од 20 минути на таа температура.

(Наместо со механичка мешалка, ерленмаерот можете да го мешате рачно).

Декантирајте ја течноста низ измерениот огноотпорен филтер-сад. Додадете уште една доза бензил алкохол во ерленмаерката и мешајте 20 минути на температура од 52 ± 2 °C.

Декантирајте ја течноста низ огноотпорниот филтер-сад. Повторете го циклусот операции по трет пат.

На крајот ставете ја течноста и остатокот во филтер-садот; префрлете ги останатите влакна од ерленмаерката во филтер-садот со дополнително количество бензил алкохол на температура од 52 ± 2 °C. Добро исушете го огноотпорниот филтер-сад.

Префрлете ги повторно влакната во ерленмаерката, исплакнете ги со етанол и по рачното мешање прецедете ги низ огноотпорниот филтер-сад.

Повторете ја постапката со плакнење два или три пати. Префрлете го остатокот во огноотпорниот филтер-сад и добро исцедете го. Исушете ги садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' е 1,00.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 6

ТРИАЦЕТАТНИ И ДРУГИ СООДВЕТНИ ВЛАКНА
(Метод со користење на дихлорометан)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. - триацетатни влакна(24)
со

2. волнени (1), животински влакна (2 и 3), свилени (4), памучни (5), купро (21), модални (22), вискозни (25), акрилни (26), полиамидни (30), полиестерски (31) и стаклени влакна (40).

Забелешка:

Триацетатните влакна доработени на начин што предизвикува делумна хидролиза престануваат да бидат растворливи во реагенсот. Во тој случај методот не е применлив.

2. ПРИНЦИП

Триацетатните влакна се отстрануваат со растворање од сувата маса на мешавината со дихлорометан. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, по потреба коригирана, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на сувиот триацетат се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

Ерленмаерка со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 ml.

3.2. Реагенс

Дихлорометан.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:

Додадете 100 ml дихлорометан по грам епрувета, на епруветата ставена во ерленмаерка со брусен затворач со зафатнина од 200 ml, затворете ја и протресувајте ја на секои 10 минути со цел да се натопи епруветата и оставете ја да постои 30 минути на собна температура, одвреме-навреме протресувајќи ја. Декантирајте ја течноста низ измерениот огноотпорен филтер-сад. Додадете 60 ml дихлорометан во ерленмаерката во која е

ставен остатокот, измешајте рачно и прецедете ја содржината од шишето низ огноотпорниот филтер-сад. Префрлете ги останатите влакна во огноотпорниот филтер-сад со миење на ерленмаерката со малку дихлорометан. Исцедете го остатокот во садот со вакуумирање со цел да се отстарани вишокот течност, повторно наполнете го садот со дихлорометан и оставете го да се исцеди.

На крај, извршете вакуумирање на вишокот течности, потоа третирајте го остатокот со жешка вода со цел да се отстрани растворувачот, извршете вакуумирање, исушете ги огноотпорниот филтер-сад и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' изнесува 1,00, освен кај полиестерот, каде што вредноста на 'd' изнесува 1,01.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 7

ЦЕЛУЛОЗНИ ВЛАКНА И ПОЛИЕСТЕР
(Метод со користење 75% m/m сулфурна киселина)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. памучни (5), ленени (7), вистински конопни (8), рамиини (14), купро (21), модални (22), вискозни влакна (25)

со

2. полиестерски влакна (31).

2. ПРИНЦИП

Целулозните влакна се отстрануваат со растварање од сувата маса на мешавината со помош на 75% m/m сулфурна киселина. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, по потреба коригирана, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на сувото целулозно влакно се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

(i) Ерленмаерка со брусен затворач со зафатнина од најмалку 500 ml.

(ii) термостатирана бања на температура од 50 ± 5 °C

3.2. Реагенси

(i) сулфурна киселина, 75 ± 2 % m/m

Реагенсот се подготвува со внимателно додавање, при ладење на 700 ml сулфурна киселина (со релативна густина на 20 °C: 1,84) кон 350 ml дестилирана вода. Откако растворот ќе се излади до собна температура, дополнете со вода до 1 литар.

(ii) разреден раствор на амонијак

Разредете 80 ml раствор на амонијак (со релативна густина на 20 °C: 0,88) со вода до 1 литар.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:

Додадете 200 мл 75% сулфурна киселина по грам епрувета, која е ставена во ерленмаерка со брусен затворач и зафатнина од најмалку 500 ml, затворете ја и внимателно протресете со цел да се натопи епруветата. Чувајте ја ерленмаерката на температура од 50 ± 5 °C еден час и протресувајте ја на секои 10 минути. Филтрирајте ја содржината од ерленмаерката низ измерениот огноотпорен филтер-сад со помош на вакуумирање. Префрлете ги сите останати влакна со миење на ерленмаерката со мала количина 75% сулфурна киселина. Исцедете го остатокот во садот со вакуумирање и измијте ги остатоците на филтерот со едно полнење на садот со свежа сулфурна киселина. Немојте да применувате вакуумирање се додека киселината не се исцеди.

Измијте го остатокот последователно, неколку пати со студена вода, два пати со разреден раствор на амонијак, и потоа со студена вода, така што ќе го сушите садот за филтрирање со вакуумирање по секое додавање течност. Немојте да применувате вакуумирање се додека секоја од течностите за миење не се исцеди. На крај, вакуумирајте, исушете ги садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' е 1,00.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 8

АКРИЛНИ, МОДАКРИЛНИ ИЛИ ХЛОРОВЛАКНА И ДРУГИ ВЛАКНА
(Метод со користење на диметилформамид)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. акрилни (26), модакрилни (29), или хлоровлакна (27)[8]

со

2. волнени (1), животински влакна (2 и 3), свилени (4), памучни (5), купро (21), модални (22), вискозни (25), полиамидни (30), и полиестерски (31).

[8] Растворливоста на таквите модакрили или хлоровлакна во реагенсот треба да се провери пред спроведувањето на анализата.

Исто така може да се применува на акрилни, и модакрилни влакна, третирани со метал-комплексни бои, но не на влакната обоени со хромни бои.

2. ПРИНЦИП

Акрилните, модакрилните или хлоровлакната се отстрануваат со растварање одвојуваат од сувата маса на мешавината, со диметилформамид загреан во водна бања до точка на вриење. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери. Неговата маса по потреба се коригира и се изразува како процент од сувата маса на мешавината, додека процентот на сувите акрилни, модакрилни или хлоровлакна се пресметува од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

(i) Ерленмаерка со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 ml

(ii) водна бања до температура на вриење

3.2. Реагенс

Диметилформамид (точка на вриење 153 ± 1 °C), кој не содржи повеќе од 0,1 % вода.

Овој реагенс е отровен и затоа се препорачува користење на дигестор.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:

Додадете 80 ml диметилформамид, претходно загреан во водната бања при температура на вриење, по грам епрувета, ставена во ерленмаерка со брусен затворач и зафатнина од најмалку 200 ml, затворете ја ерленмаерката и внимателно мешајте ја со цел да се натопи епруветата и грејте ја во водната бања на температура на вриење во период од еден час. Полека протресете ја ерленмаерката со рака, пет пати во текот на тој период.

Преточете ја течноста низ измерениот огноотпорен филтер-сад, задржувајќи ги влакната во ерленмаерката. Додадете уште 60 ml диметилформамид и загревајте ја уште 30 минути, полека протресувајќи ја содржината, рачно, два пати во текот на периодот.

Прецедете ја содржината низ огноотпорниот филтер-сад со помош на вакуумирање.

Префрлете ги сите останати влакна во огноотпорниот филтер-сад со плакнење на ерленмаерката со диметилформамид. Исцедете го остатокот во садот со вакуумирање. Измијте го остатокот со околу 1 литар жешка вода на температура од 70 - 80 °C, постојано полнејќи го садот. По секое додавање вода, извршете кратко вакуумирање, но прво оставете водата да се исцеди. Ако течноста за плакнење се цеди многу бавно, може да изврши благо вакуумирање.

На крај, исушете ги садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' изнесува 1,00.

волна	1,01
памук	1,01
купро	1,01
модално влакно	1,01
полиестер	1,01

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 9

ХЛОРОВЛАКНА И ДРУГИ ВЛАКНА (Метод со користење 55,5/44,5 смеса на јаглероден дисулфид и ацетон)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. хлоровлакна (27), имено поливинилхлоридни влакна, било тие да се хлорирани или не[9]

со

2. волнени (1), животински влакна (2 и 3), свилени (4), памучни (5), купро (21), модални (22), вискозни (25), акрилни (26), полиамидни (30), полиестерски (31) и стаклени влакна (40).

Во случај содржината на волна или свила да е поголема од 25%, треба да се применува методот бр. 2.

Во случај содржината на полиамид да е поголема од 25%, треба да се применува методот бр. 4.

2. ПРИНЦИП

Хлоровлакната се отстрануват со растварање од сувата маса на мешавината со азеотропна смеса на јаглероден дисулфид и ацетон. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, коригирана по потреба, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на сувото поливинилхлоридно влакно се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

(i) Ерленмаерка со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 ml

(ii) механичка мешалка

3.2. Реагенси

(i) азеотропна смеса на јаглероден дисулфид и ацетон (55,5% отпаѓа на јаглероден дисулфид и 44,5% на ацетон) - Бидејќи реагенсот е отровен, се препорачува користење на дигестор.

(ii) етанол (92%) или метанол.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:

Додадете 100 ml азеотропна смеса по грам епрувета, ставена во ерленмаерка со брусен затворач, со зафатнина од најмалку 200 ml. Херметички затворете ја

[9] Пред спроведувањето на анализата, треба да се провери растворливоста на поливинил хлоридните влакна во реагенсот.

ерленмаерката и мешајте со помош на механичката мешалка, или рачно, во период од 20 минути, на собна температура. Декантирајте го вишокот течност низ измереният огноотпорен филтер-сад.

Повторете ја постапката со 100 ml свеж реагенс. Продолжете го циклусот постапки се додека не остане никаков остаток на полимер врз стаклена површина по испарување на капка од течниот екстракт. Префрлете го остатокот во огноотпорниот филтер-сад со користење поголема количина реагенс, извршете вакуумирање со цел да ја отстранете течноста и исплакнете го огноотпорниот филтер-сад и остатокот со 20 ml алкохол и потоа уште три пати со вода. Оставете ја течноста за плакнење да се исцеди пред да извршете вакуумирање. Исушете ги садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

Забелешка:

Кај одредени мешавини со голема количина хлоровлакна може да дојде до значително собирање на примерокот во текот на постпката за сушење, при што се забавува растворањето на хлоровлакната. Тоа, секако, нема влијание врз крајното растворање на хлоровлакната во растворувачот.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' е 1,00.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 10

АЦЕТАТ И ХЛОРОВЛАКНА (Метод со користење на глацијална оцетна киселина)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. ацетат (19)
со

2. хлоровлакна (27), имено поливинилхлоридни влакна, било тие да се хлорирани или не.

2. ПРИНЦИП

Ацетатното влакно се отстранува од сувата маса на мешавината со глацијална оцетна киселина. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, коригирана по потреба, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на сувиот ацетат се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

(i) Ерленмаерка со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 мл
(ii) механичка мешалка

3.2. Реагенс

Глацијална оцетна киселина (над 99%) Постапувајте со реагенсот многу внимателно, бидејќи е многу нагризувачки.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:

Додадете 100 ml глацијална оцетна киселина по грам епрувета, која е ставена во Ерленмаерката со брусен затворач, со зафатнина од најмалку 200 ml. Запечатете ја ерленмаерката и промешајте со помош на механичка мешалка, или рачно, во период од 20 минути, на собна температура. Преточете го вишокот течност низ измереният огноотпорен филтер-сад. Повторете ја постапката уште два пати, секогаш користејќи 100 ml свеж реагенс, извршете вкупно три екстрахирања. Префрлете го остатокот во огноотпорниот филтер-сад со користење на поголемо количество реагенс, извршете вакуумирање со цел да ја отстраните течноста и исплакнете го огноотпорниот филтер-сад и остатокот со 50 ml алкохол и потоа уште три пати со вода. По секое плакнење, оставете течноста да се исцеди пред да примените вакуумирање. Исушете го остатокот во садот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' е 1,00.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 11

СВИЛА И ВОЛНА ИЛИ ЖИВОТИНСКО ВЛАКНО (Метод со користење 75% m/m сулфурна киселина)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. свила (4)
со

2. волнено (1) или животинско влакно (2 и 3).

2. ПРИНЦИП

Свилата се одстранува од сувата маса на мешавината со растворање со
75% m/m сулфурна киселина (6).
Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери. Неговата маса, по потреба коригирана, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на сувата свила се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

Ерленмаерка со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 ml.

3.2. Реагенси

(i) сулфурна киселина (75 ± 2 % m/m)
Реагенсот се подготвува со внимателно додавање, додека се лади, 700 ml сулфурна киселина (со релативна густина на 20 °C: 1,84) кон 350 ml дестилирана вода.
Откако ќе се излади растворот до собна температура, разредете го со вода до 1 литар.

(ii) разреден раствор на сулфурна киселина
Додадете 100 ml сулфурна киселина (густина на 20 °C: 1,84) полека кон 1 900 ml дестилирана вода.

(iii) разреден раствор на амонијак
Разредете 200 ml концентриран амонијак (густина на 20 °C: 0,880) до 1 000 ml со дестилирана вода.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:
Додадете 100 ml 75% m/m сулфурна киселина по грам епрувета, која е ставена во ерленмаерка со брусен затворач, со зафатнина од најмалку 200 ml. Силно протресете ја и оставете ја да отстои 30 минути на собна температура. Повторно протресете и оставете да отстои уште 30 минути. Последен пат протресете и прецедете ја содржината од ерленмаерката низ измерениот огноотпорниот филтер-сад. Измијте ги останатите влакна со реагенс од 75% сулфурна киселина. Измијте го остатокот во садот последователно со 50 ml реагенс од разредена сулфурна киселина, 50 ml вода и 50 ml разреден раствор на амонијак. Секој пат оставете влакната да бидат во допир со течноста околу 10 минути пред да примените вакуумирање. На крај исплакнете со вода, оставајќи ги влакната во допир со водата во период од 30 минути. Исцедете го остатокот во огноотпорниот филтер-сад со вакуумирање, исушете ги садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' за волната[10] изнесува 0,985.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 12

ЈУТА И ОДРЕДЕНИ ЖИВОТИНСКИ ВЛАКНА (Метод со утврдување на содржината на азот)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. јута (9)
со

2. одредени животински влакна.

Компонентата на животинското влакно може да се состои единствено од влакно (2 и 3) или волна (1) или некоја мешавина на двете. Овој метод не се применува на текстилни мешавини што содржат невлакнести материи (бои, додатоци, итн.) со азотна основа.

2. ПРИНЦИП

Со анализа се утврдува вкупното количество азот, а од точната или приближната содржина на азот во двете компоненти се пресметува застапеноста на секоја компонента.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

(i) Кјелдалова тиквичка за разградување, со зафатнина од 200 - 300 ml

(ii) апарат за дестилација по Кјелдал со довод на пареа

(iii) бирета за титрација, со прецизност од 0,05 ml

3.2. Реагенси

(i) толуен.

(ii) метанол.

(iii) сулфурна киселина, со релативна густина на 20 °C: 1,84[11]

(iv) калиум сулфат[1]

(v) селен диоксид[1]

(vi) раствор на натриум хидроксид (400 g/литар) - Растворете 400 g натриум хидроксид во 400 - 500 ml вода и разредете го со вода до 1 литар.

(vii) мешовит индикатор - Растворете 0,1 g метил црвено во 95 ml етанол и 5 ml вода, и измешајте со 0,5 g бромокрезол зелено растворен во 475 ml етанол и 25 ml вода.

(viii) раствор на борна киселина - Растворете 20 g борна киселина во 1 литар вода.

(ix) сулфурна киселина, 0,02N (стандарден раствор).

4. ПРЕДОБРАБОТКА НА ЛАБОРАТОРИСКИОТ ПРИМЕРОК ЗА ТЕСТИРАЊЕ

Следната предобработка ја заменува предобработката опишана во општите упатства:
Екстрахирајте сув примерок во апарат за екстракција по Soxhlet со мешавина на 1 дел толуен и 3 дела метанол, во период од четири часа со минимална брзина од 5 циклуси на час. Оставете растворувачот да испари од примерокот И дополнително исушете го на температура од 105 ± 3 °C. Потоа екстрахирајте го примерокот вода (50 ml по грам епрувета) со вриење под рефлукс во период од 30 минути. Исцедете го примерокот, и повторете ја екстракцијата со идентично количество вода. Отстранете го вишокот вода од примерокот со цедење, вакуумирање или центрифугирање и потоа оставете го примерокот да се исуши.

[10] Природна сирова свила, како што е туса, не се раствораат целосно во 75 % m/m сулфурна киселина.

[11] Овие реагенси не треба да содржат азот.

Забелешка:

Треба да се внимава на токсичното дејство на толуенот и метанолот и треба да се преземат најстроги мерки на претпазливост при нивната употреба.

5. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

5.1. Основни упатства

Следете ја постапката опишана во општите упатства во врска со селекцијата, сушењето и мерењето на епруветата.

5.2. Детално опишана постапка

Префрлете епрувета во Кјелдаловата тиквичка за разградување. На епруветата со тежина од најмалку 1 g, ставена во тиквичката за разградување, додадете ги реагенсите по следниот редослед, 2,5 g калиум сулфат, 0,1 - 0,2 g селен диоксид и 10 ml сулфурна киселина (со релативна густина 1,84). Загревајте ја тиквичката за разградување, полека од почетокот, додека целосно не се разгради влакното, а потоа посилно, додека растворот не стане бистар и речиси безбоен. Загревајте уште 15 минути. Оставете ја тиквичката за разградување да се излади, внимателно разредете ја содржината со 10 - 20 ml вода, изладете, и префрлете ја содржината квантитативно во колба градуирана до 200 ml и дополнете со вода додека да добиете раствор со разградено влакно.

Ставете околу 20 ml раствор на борна киселина во тиквичка со зафатнина од 100 ml и поврзете ја тиквичката со кондензаторот на Kjeldahl апаратот за дестилација така да доводната цевка биде ставена веднаш под површината на растворот од борна киселина. Префрлете точно 10 ml од растворот во тиквичката за дестилација, додадете не помалку од 5 ml раствор на натриум хидроксид во одмерната инка и оставете растворот на натриум хидроксид полека да капе во колбата. Ако разграденият раствор и натриум хидроксидот останат како два одделни слоја, полека измешајте ги. Загревајте ја полека тиквичката за дестилација при довод на пареа од генераторот. Соберете околу 20 ml дестилат, наведнете ја тиквичката така што врвот на доводната цевка од кондензаторот ќе биде на околу 20 mm над површината на течноста и дестилирајте уште 1 минута. Исплакнете го врвот на доводната цевка со вода така што водата ќе ја собирате во тиквичката. Извадете ја тиквичката и заменете ја со друга тиквичка што содржи околу 10 ml раствор на борна киселина и соберете околу 10 ml дестилат.

Титрирајте ги двата дестилати одделно со 0,02N сулфурна киселина, користејќи мешовит индикатор. Забележете го вкупниот титар (бројот потрошени ml раствор) за двата дестилата. Ако потрошувачката на растворот за титрација за вториот дестилат е поголем од 0,2 ml, повторете ја целата постапка на дестијација користејќи нови 10 ml раствор.

Извршете слепа проба, т. е. разградување и дестилација со користење само на реагенс.

6. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

6.1. Пресметајте го процентот на содржината на азот во сувата епрувета на следниов начин:

$$A\% = \frac{28(V-b)N}{W}$$

каде што

A = процент на азот во чиста сува епрувета,

V = вкупно количество во ml на стандардна сулфурна киселина употребена за пробата,

b = вкупнато количество во ml на стандардна сулфурна киселина употребена за слепата проба,

N = нормалност на стандардната сулфурна киселина,

W = сува маса (g) на епруветата.

6.2. Користејќи ги вредностите од 0,22 % за содржината на азот во јута и 16,2% за содржината на азот во животинско влакно, при што и двата проценти се изразени во однос на сувата маса на влакното, пресметајте го составот на мешавината на следниот начин:

$$PA\% = \frac{A-0{,}22}{16{,}2-0{,}22}\times 100$$

каде што

PA % = процент на животински влакна во чиста сува епрувета.

7. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 13

ПОЛИПРОПИЛЕНСКИ ВЛАКНА И ДРУГИ ВЛАКНА
(Метод со користење на ксилен)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. полипропиленски влакна (33)
со

2. волнени (1), животински (2 и 3), свилени (4), памучни (5), ацетатни (19), купро (21), модални (22), триацетатни (24), вискозни (25), акрилни (26), полиамидни (30), полиестерски (31) и стаклени влакна (40).

2. ПРИНЦИП

Полипропиленските влакна се отстрануваат од сувата маса на мешавината со растворање со врел ксилен. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, коригирана по потреба, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на полипропилен се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

(i) Ерленмаерка со брусен капак со зафатнина од најмалку 200 ml

(ii) повратно ладило (кондензатор)

3.2. Реагенс

Ксилен со фракција на дестилација на температура од 137 и 142 °C.

Забелешка:

Овој реагенс е високо запалив, а неговата пареа е токсична. При неговата употреба треба да се преземат соодветни мерки.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:

Додадете 100 ml ксилен (3.2) по грам епрувета, која е ставена во ерленмаерката (3.1 (i)). Прицврстете го кондензаторот (3.1 (ii)), и оставете ја содржината да зоврие и нека врие три минути. Веднаш декантирајте ја жешката течност низ измерениот огноотпорен филтер сад (види Забелешка 1). Повторете ја постапката уште два пати, секој пат употребете 50 ml нов раствор.

Измијте го остатокот во ерленмаерката последователно со 30 ml врел ксилен (два пати), потоа со 75 ml петрол етер (I. 3.2.1 од општите упатства) (два пати). По второто миење со петрол етер, филтрирајте ја содржината од ерленмаерката низ огноотпорниот филтер сад, префрлете ги сите останати влакна во садот со помош на мало количество петрол етер и оставете го растворувачот да испари. Исушете ги остатокот и садот, изладете ги и измерете ги.

Забелешки:

1. Огноотпорниот филтер-сад низ кој ќе се декантира ксиленот мора претходно да се загрее.

2. По постапката со врел ксилен, ерленмаерката во која е ставен остатокот треба да е доволно изладена пред да се додаде петрол етерот.

3. Со цел да се намали опасноста од пожар и труење на операторот, може да се користи апаратот за жешко екстрахирање користејќи соодветна постапка, што дава идентични резултати[12]

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' е 1,00.

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 14

ХЛОРОВЛАКНА (ХОМОПОЛИМЕРИ НА ВИНИЛХЛОРИД) И ДРУГИ ВЛАКНА (Метод со концентрирана сулфурна киселина)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. хлоровлакна (27) базирани на хомополимери на винил хлорид без разлика дали се хлорирани или не со

2. памучни (5), ацетатни (19), купро (21), модални (22), триацетатни (24), вискозни (25), одредени акрилни (26), одредени модакрили (29), полиамидни (30), и полиестерски (31).

Модакрилните влакна за кои станува збор се оние што даваат бистар раствор кога ќе се потопат во концентрирана сулфурна киселина (релативна густина 1,84 на 20 °C)

Овој метод може да се користи наместо методите 8 и 9.

2. ПРИНЦИП

Компонентата, различна од хлоровлакно (т. е. влакната наведени во точка 2 од став 1) се отстранува од сувата маса на мешавината со концентрирана сулфурна киселина (релативна густина 1,84 на 20 °C). Остатокот составен од хлоровлакна се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, коригирана по потреба, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на втората растворлива компонента се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати

(i) Ерленмаерка со брусен затворач со зафатнина од најмалку 200 ml

(ii) стаклена прачка со плоскат крај

3.2. Реагенси

(i) концентрирана сулфурна киселина (со релативна густина 1,84 на 20 °C)

(ii) разреден раствор на сулфурна киселина, приближно 50% (m/m)

Реагенсот се подготвува со внимателно додавање, додека се лади, 400 ml сулфурна киселина (со релативна густина 1,84 на 20 °C) кон 500 ml дестилирана или дејонизирана вода. Откако растворот ќе се излади до собна температура, разредете го со вода до 1 литар.

(iii) разреден раствор на амонијак:

Разредете 60 ml концентриран раствор на амонијак (со релативна густина 0,880 на 20 °C) со дестилирана вода до еден литар.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:

Додадете 100 ml сулфурна киселина (3.2 (i)) по грам епрувета, која е ставена во ерленмаерката (3.1 (i)).

Оставете ја содржината од ерленмаерката на собна температура 10 минути и во текот на тој период одвреме-навреме мешајте со стаклената прачка. Ако се третира ткаенина или плетенина, притеснете ја меѓу ѕидот на ерленмаерката и стаклената прачка и слабо притиснете со цел да го одвоите материјалот растворлив со сулфурна киселина.

Декантирајте ја течноста низ измерениот огноотпорен филтер-сад. Додадете во ерленмаерката 100 ml свежа сулфурна киселина (3.2 (i)) и повторете ја истата постапка. Префрлете ја содржината од ерленмаерката во огноотпорниот филтер-сад и префрлете ги влакнестите остатоци со помош на стаклената прачка. По потреба додадете мало количество концентрирана сулфурна киселина (3.2 (i)) во ерленмаерката со цел да ги префрлите влакната залепени за ѕидовите. Исцедете го остатокот во огноотпорниот филтер-сад со вакуумирање; измијте го остатокот во садот последователно со 50 % раствор на сулфурна киселина (3.2 (ii)), дестилирана или дејонизирана вода (I. 3.2.3 од основните упатства), раствор на амонијак (3.2 (iii)) и на крај добро измијте го со дестилирана или дејонизирана вода, вакуумирајќи по секое додавање течност. (Не применувајте вакуумирање за време на миењето, туку откако течноста ќе се исцеди).

Исушете ги садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' е 1,00.

[12] За пример видете ги апаратите опишани во Melliand Textilberichte 56 (1975), стр. 643-645

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

МЕТОД бр. 15

ХЛОРОВЛАКНА, ОДРЕДЕНИ МОДАКРИЛНИ ВЛАКНА, ОДРЕДЕНИ ЕЛАСТАНИ, АЦЕТАТНИ, ТРИАЦЕТАТНИ И ДРУГИ ВЛАКНА
(Метод со користење на циклохексанон)

1. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Овој метод се применува, по отстранувањето на невлакнестите материи, врз двокомпонентните мешавини од:

1. ацетатни (19), триацетатни (24), хлоровлакна (27), одредени модакрилни (29), одредени еластани (39)
со
2. волнени (1), животински (2 и 3), свилени (4), памукчни(5), купро (21), модални (22), вискозни (25), полиамидни (30), акрилни (26) и стаклени влакна бр. 9 или 14.

2. ПРИНЦИП

Ацетатните и триацетатните влакна, хлоровлакната, одредени модакрилни влакна, и одредени еластани се отстрануваат од сувата маса со растворање со циклохексон на температура блиска до точката на вриење. Остатокот се собира, се мие, се суши и се мери; неговата маса, коригирана по потреба, се изразува како процент од сувата маса на мешавината. Процентот на хлоровлакно, модакрилно, еластан, ацетатно и триацетатно се добива од разликата.

3. АПАРАТИ И РЕАГЕНСИ (различни од наведените во општите упатства)

3.1. Апарати
(i) апарат за жешко екстрахирање соодветен за користење во постапките за тестирање во дел 4. (Види слика: ова е варијанта на апарат опишан во Melliand Textilberichte 56 (1975) 643 - 645)

(ii) огноотпорен филтер-сад

(iii) порозна мембрана (1 степен на порозност)

(iv) рефлукс-кондензатор што соодветствува за дестилација

(v) уред за загревање

3.2. Реагенси

(i) циклохексанон, со точка на вриење на 156 °C

(ii) етил алкохол, 50% v/v

Забелешка: Циклохексанонот е запалив и токсичен. При неговата употреба треба да се преземат соодветни мерки.

4. ПОСТАПКА НА ТЕСТИРАЊЕ

Следете ја постапката опишана во општите упатства и постапете на следниов начин:
Додадете 100 ml циклохексанон по грам епрувета во колбата за дестилација, ставете го внатре огноотпорниот филтер-сад, со епруветата и порозната мембрана. Ставете го повратното ладило. Загрејте до точка на вриење и продолжете со екстрахирањето во период од 60 минути на минимална брзина од 12 циклуси на час. По екстрахирањето и разладувањето извадете го огноотпорниот филтер-сад со епруветата за екстракција, и отстранете ја порозната мембрана. Измијте ја содржината во огноотпорниот филтер-сад три до четири пати со 50% етил алкохол загреан на температура од околу 60 °C и потоа со 1 литар вода на температура од 60 °C.
Не применувајте вакуумирање за време на миењето. Оставете течноста да се исцеди и потоа применете вакуумирање.
На крај, исушете ги садот и остатокот, изладете ги и измерете ги.

5. ПРЕСМЕТКА И ИЗРАЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Пресметајте ги резултатите како што е опишано во општите упатства. Вредноста на 'd' е 1,00
со следните исклучоци:

6. ПРЕЦИЗНОСТ

Границата на сигурност на резултатите добиени за хомогена мешавина на текстилни материјали со користење на овој метод не е поголема од ± 1 за ниво на сигурност од 95 %.

Слика наведена во точка 3.1 (i) од метод бр. 15



790.

Врз основа член 20 став 1 точка 2 од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/06), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА МЕТОДИ ЗА КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ТРИКОМПОНЕНТНИТЕ МЕШАВИНИ НА ТЕКСТИЛНИ ВЛАКНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за избор на методите за квантитативната анализа на трикомпонентните мешавини на влакна со методи на рачно раздвојување, хемиско раздвојување или комбинација на двете.

Член 2

Подготовката на лабораториските примероци и епруветите за тестирање, се спроведува во согласност со техничките прописи за методите за квантитативната анализа за двокомпонентните мешавини на текстилни влакна.

Член 3

Во тестовите за одредување на составот на текстилните производи кои се состојат од трикомпонентни мешавини на влакна пуштени на пазарот во согласност со техничкиот пропис за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи, се применува Прилог 1 на овој правилник, како и Прилог 1 од Правилникот за постапката за избор на методи за квантитативна анализа на двокомпо-нентните мешавини на текстилни влакна.

Член 4

Во извештајот на лабораторијата, одговорна за тестирање на трикомпонентни мешавини, во тест извештајот, се прикажуваат податоците од сите фактори споменати во точка 5 од Прилог 1 на овој правилник.

Член 5

Спецификациите кои се дадени во прилозите 1,2 и 3 кои се составен дел на овој правилник, а кои се неопходни за прилагодување кон техничкиот напредок, се прифаќаат во согласност со Правилникот за постапка за избор на методи за квантитативна анализа на двокомпонентните мешавини на текстилни влакна.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-3040/5
11 мај 2006 година
Скопје

Министер,
м-р **Фатмир Бесими,** с.р.

ПРИЛОГ 1

КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ТРИКОМПОНЕНТНИТЕ МЕШАВИНИ НА ВЛАКНА

ОПШТО

Вовед

Методите за квантитативна анализа на мешавините на влакна се базираат на два процеса: рачното раздвојување и хемиско раздвојување на различните видови влакна.

Методот на рачно раздвојување треба да се користи секаде каде што е можно, бидејќи, во суштина, дава точни резултати од хемискиот метод. Може да се користи кај сите текстилни производи каде што влакната не се многу измешани, како на пример, кај повеќежични предива, каде што секоја жица е составена од еден вид влакно, или кај ткаенина, кај која основата е направена од влакно различно од јатокот; или плетенини, кои може да се расплетат, а се направени од различен вид предиво.

Во основа, методите за квантитативна хемиска анализа се темелат на селективно растворање на одделните компоненти. Постојат четири можни варијанти на овој метод:

1. Со третирање два различни примерока за тестирање, една компонента (а) се раствора од првата епрувета за тестирање, а друга компонента (б) се раствора од втората епрувета за тестирање. Нерастворливите остатоци од секој примерок се мерат и потоа се пресметува процентот на двете растворливи компоненти во однос на загубата во маса. Процентот на третата компонента (в) се пресметува од разликата.

2. Со третирање два различни примерока за тестирање, една компонента (а) се раствора од првата епрувета за тестирање, а две компоненти (а и б) се растворааат од втората епрувета за тестирање. Нерастворливите остатоци од првата епрувета за тестирање се мерат и се пресметува процентот на компонентата (а) во однос на загубата во маса. Нерастворливиот остаток од втората епрувета за тестирање се мери; одговара на компонентата (в). Процентот на третата компонента (б) се пресметува од разликата.

3. Со третирање на два различни примерока за тестирање, две компоненти (а и б) се растворааат од првата епрувета за тестирање и две компоненти (б и в) од втората епрувета за тестирање. Нерастворливите остатоци одговараат на двете компоненти, (в) односно (а). Процентот на третата компонента (б) се пресметува од разликата.

4. Со третирање на само еден примерок за тестирање, по отстранувањето на една од компонентите, нерастворливиот остаток составен од две други влакна се мери и се пресметува процентот на растворливата компонента од загубата во маса. Едното од двете влакна од остатокот се раствора, нерастворливата компонента се мери и се пресметува процентот на втората растворена компонента од загубата во маса.

При можност на избор, се препорачува користење на една од првите три варијанти.

Во случај на користење на хемиската анализа, стручното лице одговорно за анализата мора да внимава да избере метод што вклучува растворувачи што го растворааат само соодветното влакно (а), оставајќи го останатото влакно (а) недопрено.

Со пример, во Прилог 3 е дадена табела со одреден број на трикомпонентни мешавини, заедно со методите за анализирање на двокомпонентните мешавини, кои во принцип, може да се користат за анализа на трикомпонентните мешавини.

Со цел да се сведе на минимум можноста за грешка, се препорачува, секаде каде што е можно, вршење хемиска анализа со користење на најмалку две од горенаведените четири варијанти.

Влакната, во текот на преработка и потоа во процесот на дорабoтката можат да содржат повеќе или помалку невлакнести материи, како што се масти, восоци или додатоци, или материи растворливи во вода, кои нормално се појавуваат или се додадени за олеснување на обработката. Невлакнестите материи мора да се отстранат пред анализата. Од таа причина, се утврдени и методите на предобработка заради отстранување на маслата, мастите, восоците и материите растворливи во вода.

Понатаму, текстилните производи може да содржат смоли или други материи што се додаваат со цел - придодавање на некои карактеристики. Таквите материи, вклучувајќи ги и боите во одредени случаи, може да го попречат дејството на реагенсот врз растворливите компоненти и/или може делумно или целосно да бидат отстранети со реагенсите. Овој вид додадени материи може, на тој начин, да предизвикаат грешка и треба да се отстранат пред анализирањето на примерокот.

Ако не постои можност за отстранување на таквите додадени материи, методите за квантитавна хемиска анализа, претставени во Прилог 3, нема да бидат применливи.

Бојата во бојадисаните влакна се смета за составен дел на влакното и не се отстранува.

Анализите се спроведуваат врз основа на сувата маса, за чие одредување постои посебна постапка.

Резултатите се добиваат со придодавање кон сувата маса за секое влакно, на пропишаните додатоци наведени во Прилог 2 од Правилникот за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи.

Пред да се продолжи со анализата, мора да се идентификуваат сите влакна во составот на мешавината. При некои хемиски методи, нерасторливите компоненти на мешавината може делумно да се растворат во реагенсот што се користи за растворање на растворливите компоненти. Секаде каде што е можно, треба да се избираат реагенси што имаат мал или немаат никаков ефект врз нерастворливите влакна. Ако се очекува губење во маса при анализата, резултатите треба да бидат корегирани; за таа цел се даваат факторите на корекција. Овие фактори се утврдени во неколку лаборатории преку третирање влакна, исчистени во процесот на предобработка, со соодветни реагенси, утврдени во методот на анализа. Овие корекциони фактори се применуваат само на недеградирани влакна, (се применуваат други корекциони фактори) , ако влакната биле деградирани пред или во текот на производството. Ако мора да се применува четвртата варијанта, при која текстилното влакно е подложено на последователни дејства на два различни растворувачи, факторите на корекција мора да се применат поради можните загуби во маса на влакното, подложено на двете постапки. И во двата случаја на раздвојување, рачно или хемиско, треба да се направат најмалку две анализи.

I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА МЕТОДИТЕ ЗА КВАНТИТАТИВНА ХЕМИСКА АНАЛИЗА НА ТРИКОМПОНЕНТНИТЕ МЕШАВИНИ НА ВЛАКНА

Информации важечки за методите на квантитативна хемиска анализа на трикомпонентните мешавини на влакна.

I. 1. Опсег или поле на примена

Полето на примена на секој од методите за анализа на двокомпонентните мешавини на влакна утврдува кој метод се применува на кој вид влакна. (Види Прилог 2, од Правилникот за постапка за избор на методи за квантитивна анализа на двокомпонентните мешавини на влакна).

I. 2. Принцип

По идентификувањето на компонентите во мешавината, невлакнестите материи се отстрануваат со соодветна предобработка и потоа се применува една или повеќе од четирите наведени варијанти од процесот на селективно растворање, опишан во воведот. Се препорачува растворање на главните компоненти на мешавината со цел да се добијат помалку застапени компоненти во мешавината како финален (краен) остаток, освен во случаите каде што тоа претставува техничка тешкотија.

I. 3. Апарати и реагенси

I. 3.1. Апарати

I. 3.1.1. Огноотпорни филтер-садови и одмерни лончиња со брусен капак, доволно големи за да ги соберат тие садови, или сите други апарати што даваат идентични резултати.

I. 3.1.2. Вакуум боца.

I. 3.1.3. Ексикатор што содржи силика гел со индикатор.

I. 3.1.4. Сушара со вентилација за сушење епрувети на температура од 105 ± 3 ˚C.

I. 3.1.5. Аналитичка вага, со точност до 0.0002 g.

I. 3.1.6. Апарат за екстракција по Soxhlet или друг апарат што дава идентични резултати.

I. 3.2. Реагенси

I. 3.2.1. Петрол етер, редистилиран, фракција со точка на вриење од 40 до 60 ˚C

I. 3.2.2. Другите реагенси се наведени во соодветните делови од текстот на методот. Сите користени реагенси треба да се со чистота за хемиска анализа.

I. 3.2.3. Дестилирана или дејонизирана вода.

I. 4. Кондиционирање и услови за тестирање

Поради фактот што сувите маси се утврдени, нема потреба од кондиционирање на примероците или спроведување анализа во кондиционирани услови.

I. 5. Лабораториски примерок за тестирање

Изберете лабораториски примерок за тестирање, претставник на лабораторискиот основен примерок и доволен за да ги обезбеди сите потребни епрувети, секоја со маса од најмалку 1 g.

I. 6. Предобработка на епрувета за тестирање

Во случај кога е присутна невлакнеста примеса што не се зема предвид при процентуалната пресметка (види член 12 став 2 (г) од Правилникот за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи), најпрвин таа треба да се отстрани со соодветен метод што нема да има никакво влијание врз составните влакна.

За таа цел, невлакнестите материи што можат да се екстрахираат со петрол етер и вода се отстрануваат со третирање на сувата епрувета за тестирање, во Soxhlet апарат, со петрол етер, еден час со брзина од 6 циклуси на час. Оставете петрол етерот да испари од епруветата, која потоа еден час ќе се натопува во вода на собна температура, а потоа уште еден час ќе се натопува во вода загреана на температура од 65 ± 5 ˚C, мешајќи ја течноста одвреме-навреме. Односот на епруветата/водата изнесува 1: 100. Отстранете го вишокот вода од епруветата со цедење, вакумирање или центрифугирање и потоа оставете ја епруветата да се исуши.

Во случај невлакнестите материи да не може да се екстрахираат со петрол етер и вода, треба да се отстранат со заменување на методот со вода опишан погоре со соодветен метод што нема битно да ги промени карактеристиките на влакното. Сепак, треба да се одбележи дека кај некои неизбелени природни растителни влакна (на пр. јута, влакна од кокосов орев) во нормалната предобработка со петрол етер и вода не се отстрануваат сите природни невлакнести материи; сепак дополнителната предобработка не се применува освен во случај, кога епруветата содржи додатоци што не се раствораат ниту во петрол етер ниту во вода.

Извештаите од испитувањата треба да ги вклучуваат сите детали од методите користени во предобработката.

I. 7. Постапка на тестирање

I. 7.1. Основни упатства

I. 7.1.1. Сушење

Сите постапки за сушење изведувајте ги не помалку од 4 часа и не повеќе од 16 часа на температура од 105 ± 3 ˚C во сушара со вентилација, така што вратата на

сушарата да биде целосно затворена. Ако периодот на сушење трае помалку од 14 часа, епруветата мора да се мери за да се утврди дали масата останала непроменета. Масата се смета за непроменета ако, по дополнителното сушење во период од 60 минути, разликата во масата е помала од 0.05 %.

Во процесот на сушење, ладење или мерење, избегнувајте допирање на огноотпорните филтер садови и одмерните лончиња со брусен капак, епруветите или остатоците со голи раце.

Сушете ги епруветите во одмерно лонче со брусен капак со капаците покрај нив. По сушењето, затворете го одмерното лонче со брусен капак пред да го извадите од сушарата, и брзо префрлете го во ексикаторот.

Во случај да користите други апарати, а не огноотпорни филтер-садови, постапката за сушење во сушарата се изведува , така за да може да се утврди масата на сувите влакна без загуба.

I. 7.1.2. Ладење

Сите операции за ладење вршете ги во ексикаторот, поставен до вагата, се додека одмерните лончиња со брусен капак не се изладат наполно, но во секој случај не помалку од два часа.

I. 7.1.3. Мерење

По ладењето, измерете го одмерното лонче со брусен капак во рок од 2 минути по вадењето од ексикаторот; мерењето треба да е со точност од 0.0002 g.

I. 7.2. Постапка

Земете епрувета за тестирање од предобработениот лабораториски примерок за тестирање, со маса од најмалку 1 g. Пресечете го предивото или ткаенината во должини од околу 10 mm, иситнети колку што е можно повеќе. Сушете ја епруветата во одмерното лонче со брусен капак, изладете ја во ексикаторот и измерете ја. Префрлете ја епруветата во стаклениот сад, преизмерете го веднаш одмерното лонче со брусен капак и утврдете ја сувата маса на епруветата од разликата; завршете го тестирањето како што е наведено во соодветниот дел на применетиот метод. Проучете го остатокот со микроскоп за да проверите дека со постапката целосно се отстраниле растворливите влакна.

I. 8. Пресметка и изразување на резултатите

Изразете ја масата на секоја компонента како процент од вкупната маса на влакната во мешавината. Пресметајте ги резултатите врз основа на сувата маса, коригирана со (а) договорените додатоци и (б) корекционите фактори, потребни за да се земе предвид загубата на невлакнести материи во текот на предобработката и анализата.

I. 8.1. Пресметка на процентот на маса на чистите суви влакна не земајќи ја предвид загубата во маса на влакната во текот на предобработката.

I. 8.1.1. - ВАРИЈАНТА 1 -

Формулите што треба да се применат во случаите во кои една компонента на мешавината е отстранета од едната епрувета и друга компонента од втората епрувета:

$$P_1\% = \left[\frac{d2}{d1} - d2 \times \frac{r1}{m1} + \frac{r2}{m2} \times \left(1 - \frac{d2}{d1}\right)\right] \times 100$$

$$P_2\% = \left[\frac{d4}{d3} - d4 \times \frac{r2}{m2} + \frac{r1}{m1} \times \left(1 - \frac{d4}{d3}\right)\right] \times 100$$

$P_3\% = 100 - (P_1\% + P_2\%)$;

$P_1\%$ е процентот на првата чиста сува компонента (компонента од првата епрувета растворена во првиот реагенс);

$P_2\%$ е процентот на втората чиста сува компонента (компонента од втората епрувета растворена во вториот реагенс);

$P_3\%$ е процентот на третата чиста сува компонента (компонентата што останува нерастворена во двете епрувети);

m_1 е сувата маса на првата епрувета по предобработката;

m_2 е сувата маса на втората епрувета по предобработката;

r_1 е сувата маса на остатокот по отстранувањето на првата компонента од првата епрувета во првиот реагенс;

r_2 е сувата маса на остатокот по отстранувањето на втората компонента од втората епрувета во вториот реагенс;

d_1 е корекционен фактор за загубата во маса на втората компонента од првата епрувета што останала нерастворена во првиот реагенс[1]

d_2 е корекционен фактор за загубата во маса на третата компонента од првата епрувета што останала нерастворена во првиот реагенс[1]

d_3 е корекционен фактор за загубата во маса на првата компонента од втората епрувета што останала нерастворена во вториот реагенс[1]

d_4 е корекционен фактор за загубата во маса на третата компонента од втората епрувета што останала нерастворена во вториот реагенс[1]

I. 8.1.2. - ВАРИЈАНТА 2 -

Формулите што треба да се применат во случаите во кои една компонента (а) е отстранета од првата епрувета за тестирање, оставајќи како остаток други две компоненти (б + в), и две компоненти (а + б) се отстранети од втората епрувета за тестирање, оставајќи како остаток трета компонента (в):

$P_1\% = 100 - (P_2\% + P_3\%)$

$$P_2\% = 100 \times \frac{d1r1}{m1} - \frac{d1}{d2} \times P3\%$$

$$P_3\% = \frac{d4r2}{m2} \times 100$$

$P_1\%$ е процентот на првата чиста сува компонента (компонентата од првата епрувета растворлива во првиот реагенс);

$P_2\%$ е процентот на втората чиста сува компонента (компонентата растворлива, во исто време со првата компонента во втората епрувета, во вториот реагенс);

$P_3\%$ е процентот на третата чиста сува компонента (компонентата нерастворлива во двете епрувети);

m_1 е сувата маса на првата епрувета по предобработката;

m_2 е сувата маса на втората епрувета по предобработката;

r_1 е сувата маса на остатокот по отстранувањето на првата компонента од првата епрувета во првиот реагенс;

[1] Вредностите на d се наведени во соодветниот дел на Правилникот за избор на методи за квантитативна анализа на двокомпонентните мешавини на текстилни влакна.

r_2 е сувата маса на остатокот по отстранувањето на втората компонента од втората епрувета во вториот реагенс;

d_1 е корекционен фактор за загубата во маса на втората компонента од првата епрувета што останала нерастворена во првиот реагенс[2]

d_2 е корекционен фактор за загубата во маса на третата компонента од првата епрувета што останала нерастворена во првиот реагенс[1]

d_4 е корекционен фактор за загубата во маса на третата компонента од втората епрувета што останала нерастворена во вториот реагенс[1]

I. 8.1.3. - ВАРИЈАНТА 3 -

Формулите што треба да се применат во случаите во кои две компоненти (а + б) се отстрануваат од епруветата за тестирање, оставајќи како остаток трета компонента (в), потоа две компоненти (б + в) се отстрануваат од друга епрувета за тестирање, оставајќи ја како остаток првата компонента (а):

$$P_1\% = \frac{d3r2}{m2} \times 100$$

$$P_2\% = 100 - (P_1\% + P_3\%)$$

$$P_3\% = \frac{d2r1}{m1} \times 100$$

$P_1\%$ е процентот на првата чиста сува компонента (компонента растворена во реагенсот);

$P_2\%$ е процентот на втората чиста сува компонента (компонента растворена во реагенсот);

$P_3\%$ е процентот на третата чиста сува компонента (компонентата од втората епрувета растворена во реагенсот);

m_1 е сувата маса на првата епрувета по предобработката;

m_2 е сувата маса на втората епрувета по предобработката;

r_1 е сувата маса на остатокот по отстранувањето на првата и втората компонента од првата епрувета во првиот реагенс;

r_2 е сувата маса на остатокот по отстранувањето на втората и третата компонента од втората епрувета во вториот реагенс;

d_2 е корекционен фактор за загубата во маса на третата компонента од првата епрувета што останала нерастворена во првиот реагенс[3]

d_3 е корекционен фактор за загубата во маса на првата компонента од втората епрувета што останала нерастворена во вториот реагенс[1]

I. 8.1.4. - ВАРИЈАНТА 4 -

Формули што треба да се применат во случаите во кои две компоненти последователно се отстрануваат од мешавината, користејќи ја истата епрувета:

$$P_1\% = 100 - (P_2\% + P_3\%)$$

$$P_2\% = \frac{d1r1}{m} \times 100 - \frac{d1}{d2} \times P3\%$$

$$P_3\% = \frac{d3r2}{m} \times 100$$

$P_1\%$ е процентот на првата чиста сува компонента (првата растворлива компонента);

$P_2\%$ е процентот на втората чиста сува компонента (втората растворлива компонента);

$P_3\%$ е процентот на третата чиста сува компонента (нерастворлива компонента);

m е сувата маса на епруветата по предобработката;

r_1 е сувата маса на остатокот по отстранувањето на првата компонента во првиот реагенс;

r_2 е сувата маса на остатокот по отстранувањето на првата и втората компонента во првиот и вториот реагенс;

d_1 е корекционен фактор за загубата во маса на втората компонента во првиот реагенс[4]

d_2 е корекционен фактор за загубата во маса на третата компонента во првиот реагенс[2]

d_3 е корекционен фактор за загубата во маса на третата компонента во првиот и вториот реагенс[2]

I. 8.2. Пресметка на процентот на секоја компонента со коригирање со договорените додатоци, и каде што е потребно, факторите на корекција за загубите во маса во текот на предобработката:

Ако:

$$A = 1 + \frac{a1 + b1}{100} \quad B = 1 + \frac{a2 + b2}{100}$$

$$C = 1 + \frac{a3 + b3}{100}$$

тогаш:

$$P1A\% = \frac{P1A}{P1A + P2B + P3C} \times 100$$

$$P2A\% = \frac{P2B}{P1A + P2B + P3C} \times 100$$

$$P3A\% = \frac{P3C}{P1A + P2B + P3C} \times 100$$

$P_{1A}\%$ е процентот на првата чиста сува компонента, вклучувајќи ја содржината на влага и загубата во маса во текот на предобработката;

$P_{2A}\%$ е процентот на втората чиста сува компонента, вклучувајќи ја содржината на влага и загубата во маса во текот на предобработката;

$P_{3A}\%$ е процентот на третата чиста сува компонента, вклучувајќи ја содржината на влага и загубата во маса во текот на предобработката;

P_1 е процентот на првата чиста сува компонента добиена со помош на една од формулите наведени под I.8.1;

[2] Вредностите на d се наведени во соодветниот дел на Правилникот за избор на методи за квантитативна анализа на двокомпонентните мешавини на текстилни влакна.

[3] Вредностите на d се наведени во соодветниот дел на Правилникот за избор на методи за квантитативна анализа на двокомпонентните мешавини на текстилни влакна.

[4]

P_2 е процентот на втората чиста сува компонента добиена со помош на една од формулите наведени под I.8.1;

P_3 е процентот на третата чиста сува компонента добиена со помош на една од формулите наведени под I.8.1;

a_1 е договорениот додаток за првата компонента;

a_2 е договорениот додаток за втората компонента;

a_3 е договорениот додаток за третата компонента;

b_1 е процентот на загуба во маса на првата компонента во текот на предобработката;

b_2 е процентот на загуба во маса на втората компонента во текот на предобработката;

b_3 е процентот на загуба во маса на третата компонента во текот на предобработката;

Во случај да се користи посебна предобработка, има потреба од утврдување на вредностите b1, b2 и b3, ако е тоа можно, со подложување на секоја чиста компонента на влакното на предобработката применета во анализата. Чисти влакна се оние што не содржат никакви невлакнести материи, со исклучок на оние што нормално се појавуваат (дали природно или нанесени во преработка), во состојбата (неизбелена, избелена) во која се наоѓаат, во материјалот што треба да се анализира.

Во случај да нема достапни чисти одделни влакна употребени во производството на материјалот што треба да се анализира, мора да се користат просечните вредности за b1, b2 и b3 добиени преку тестовите изведени на чистите влакна слични на оние во мешавината што се испитува.

Во случај да се применува предобработка за екстрахирање со петрол етер и вода, факторите b1, b2 и b3 може главно да се занемарат, освен во случаите на неизбелен памук, неизбелен лен и неизбелен коноп, каде што загубата поради предобработката најчесто се прифаќа како 4% и во случај на полипропилен како 1%.

Во случај да се работи за други влакна, загубата поради предобработката најчесто не се зема предвид во пресметките.

I. 8.3. Забелешка:

Примерите на пресметка се дадени во Прилог 2 кон овој правилник.

II. МЕТОД НА КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА СО РАЧНО РАЗДВОЈУВАЊЕ НА ТРИКОМПОНЕНТНИТЕ МЕШАВИНИ НА ВЛАКНА

II. 1. Поле на примена

Овој метод се применува на сите видови текстилни влакна, освен ако влакната не се премногу измешани, и ако постои можност за нивно рачно раздвојување.

II. 2. Принцип

По идентификувањето на компонентите на текстилот, невлакнестите материи се отстрануваат со соодветна предобработка и потоа влакната се раздвојуваат рачно, се сушат и се мерат со цел да се пресмета уделот на секое влакно во мешавината.

II. 3. Апарати

II. 3.1. Одмерни лончиња со брусен капак или други апарати што даваат идентични резултати

II. 3.2. Ексикатор што содржи силика гел со индикатор

II. 3.3. Сушара со вентилација за сушење на епруветите на температура од 105 ± 3 °C

II. 3.4. Аналитичка вага, со точност до 0.0002 g

II. 3.5. Апарат за екстракција по Soxhlet или други апарати што даваат идентични резултати

II. 3.6. Игла

II. 3.7. Уред за испитување на упредената (торзиометар) или слични апарати

II. 4. Реагенси

II. 4.1. Петрол етер, редистилиран, фракција со точка на вриење од 40 до 60° C

II. 4.2. Дестилирана или дејонизирана вода

II. 5. Кондиционирање и услови за тестирање

Види I. 4.

II. 6. Лабораториски примерок за тестирање

Види I. 5.

II. 7. Подготовка на лабораториските извадоци за тестирање

Види I. 6.

II. 8. Постапка

II. 8.1. Анализа на предиво

Изберете од претходно обработен лабораториски примерок за тестирање, епрувета со маса не помала од 1 g. За многу фините предива, анализата може да се изведува на минимална должина од 30 m, без оглед на масата.

Пресечете го предивото на парчиња со соодветна должина и раздвојте ги различните видови влакна со помош на игла и ако е потребно, со уред за испитување на упредената. На тој начин добиените различни видови влакна се стават во претходно измерено одмерно лонче со брусен капак и се сушат на температура од 105 ± 3 єC до добивање на константна маса, како што е опишано во I. 7.1 и I. 7.2.

II. 8.2. Анализа на ткаенина и плетенина (метражен текстил)

Изберете од предобработениот лабораториски примерок за тестирање, епрувета со маса не помала од 1 g, не вклучувајќи ги ивиците со внимателно сечење, со цел да се избегне разресувањето и абењето на јатокот или основата, или во случај на плетенини, во правецот на низовите и редовите. Издвојте ги различните видови влакна и соберете ги во претходно измерените одмерни лончиња со брусен капак и постапете како што е опишано во II. 8.1.

II. 9. Пресметка и изразување на резултатите

Изразете ја масата на секоја компонента како процент од вкупната маса на влакната во мешавината. Пресметајте ги резултатите врз основа на чистата сува маса, коригирана со (а) договорените додатоци и (б) корекционите фактори, потребни за да се земе предвид загубата на маса во текот на предобработката.

II. 9.1. Пресметка на процентот на маса на чистите суви влакна не земајќи ја предвид загубата во маса на влакната во текот на предобработката:

$$P1\% = \frac{100m1}{m1 + m2 + m3} = \frac{100}{1 + \frac{m2 + m3}{m1}}$$

$$P2\% = \frac{100m2}{m1 + m2 + m3} = \frac{100}{1 + \frac{m1 + m3}{m2}}$$

P3% = 100 - (P1% + P2%);

P_1% е процентот на првата чиста сува компонента
P_2% е процентот на втората чиста сува компонента
P_3% е процентот на третата чиста сува компонента
m_1 е чистата сува маса на првата компонента
m_2 е чистата сува маса на втората компонента
m_3 е чистата сува маса на третата компонента

II. 9.2. За пресметка на процентот на секоја компонента со коригирање со договорените додатоци, и каде што е потребно, корекционите фактори за загубите во маса во текот на предобработката: види I. 8.2.

III. МЕТОД НА КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ТРИКОМПОНЕНТНИТЕ МЕШАВИНИ НА ВЛАКНА СО КОМБИНАЦИЈА НА РАЧНО И ХЕМИСКО РАЗДВОЈУВАЊЕ

Секаде каде што е можно, треба да се користи рачното раздвојување, земајќи го предвид соодносот на рачно издвоените компоненти, пред да се започне со хемиски третман на секоја од одделните компоненти.

IV. ПРЕЦИЗНОСТ НА МЕТОДИТЕ

Прецизноста наведена за секој метод на анализа на двокомпонентните мешавини се однесува на повторливоста (види Прилог 2 кон Правилникот за постапка за избор на методи за квантитативна анализа на двокомпонентните мешавини на текстилни влакна).

Повторливоста се однесува на веродостојноста, т.е. блискоста на согласноста меѓу експерименталните вредности добиени од страна на операторите во различни лаборатории или во различно време користејќи го притоа истиот метод за добивање поединечни резултати за примероците од идентична хомогена мешавина.

Повторливоста се изразува со граници на сигурност на резултатите за ниво на сигурност од 95%.

Тоа значи дека разликата меѓу двата резултата, добиени при серија анализи спроведени во различни лаборатории, при доследна и точна примена на методот врз идентична и хомогена мешавина, ќе биде поголема во само 5 од 100 случаи.

За да се утврди прецизноста на анализата на трикомпонентните мешавини, вредностите претставени во методите за анализа на двокомпонентните мешавини, користени при анализа на трикомпонентните мешавини се користат на вообичаениот начин.

Во случај во четирите варијанти за квантитативна хемиска анализа на трикомпонентните мешавини да се користат два растворувача (користејќи две посебни епрувети за првите три варијанти и една епрувета за четвртата варијанта) и под претпоставка дека E_1 и E_2 ја означуваат прецизноста на двата метода за анализа на двокомпонентните мешавини, прецизноста на резултатите за секоја компонента е прикажана во следната табела:

Варијанта / Компонента во влакното	1	2 и 3	4
a	E_1	E_1	E_1
b	E_2	E_1+E_2	E_1+E_2
c	E_1+E_2	E_2	E_1+E_2

Во случај да се користи четвртата варијанта, степенот на прецизност може да е помал од даденият во горенаведените методи, поради можното дејство на првиот реагенс на остатокот, составен од компонентите “б “и “в”, што ќе биде тешко да се пресмета.

V. ИЗВЕШТАЈ ОД ТЕСТИРАЊЕТО

V. 1. Наведете ја варијантата(ите) користени при изведувањето на анализата, методите, реагенсите и корекционите фактори.

V. 2. Опишете ги посебните предобработки (Види I. 6).

V. 3. Наведете ги поединечните резултати и средната аритметичка вредност, со точност до првото децимално место.

V. 4. Каде што е можно, наведете ја прецизноста на методот за секоја компонента, пресметана според табелата во дел IV.

ПРИЛОГ 2

ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРОЦЕНТОТ НА КОМПОНЕНТИТЕ НА ОДРЕДЕНИ ТРИКОМПОНЕНТНИ МЕШАВИНИ КОРИСТЕЈЌИ НЕКОИ ОД ВАРИЈАНТИТЕ ОПИШАНИ ВО ТОЧКА I. 8.1 ОД ПРИЛОГ I

Разгледајте го случајот на мешавина на влакна, која при квантитативната анализа ги дава следните компоненти: 1. влачена волна; 2. полиамид; 3. неизбелен памук.

ВАРИЈАНТА бр. 1

Со користење на оваа варијанта, односно со користење на две епрувети и одвојување на една компонента (а = волна) со растворање од првата епрувета и втора компонента (б = полиамид) од втората епрувета, може да се добијат следните резултати:

1. Сува маса на првата епрувета по предобработката (m_1) = 1,6000g

2. Масата на сувиот остаток остатокот по предобработката со алкален натриум хипохлорит (полиамид + памук) (r_1) = 1, 4166g

3. Масата на сувиот остаток на втората епрувета по предобработката (m_2) = 1,8000g

4. Масата на сувиот остаток по предобработката со мравја киселина (волна + памук) (r_2) = 0, 9000g

Со третирање со алкален натриум хипохлорит полиамидот не губи од масата, додека неизбелениот памук губи 3%, затоа $d_1 = 1$, 0 и $d_2 = 1,03$.

Третирање со мравја киселина не предизвикува губење на маса кај волната или неизбелениот памук, затоа d_3 и $d_4 = 1$, 0.

Кога вредностите добиени со хемиска анализа се внесат со корекционите фактори во формулата под точка I. 8.1.1 од Прилог 1, ќе се добијат следните резултати:

$$P1\%(\textit{волна}) = \left[\frac{1\cdot03}{1\cdot0} - 1\cdot03\times\frac{1\cdot4166}{1\cdot6000} + \frac{0\cdot9000}{1\cdot8000}\times\left(1-\frac{1\cdot03}{1\cdot0}\right)\right]\times100 = 10\cdot30$$

$$P2\%(\textit{полиамид}) = \left[\frac{1\cdot0}{1\cdot0} - 1\cdot0\times\frac{0\cdot9000}{1\cdot8000} + \frac{1\cdot4166}{1\cdot6000}\times\left(1-\frac{1\cdot0}{1\cdot0}\right)\right]\times100 = 50\cdot00$$

P3% (памук) = 100 - (10,30 + 50,00) = 39,70

Процентите на различни чисти суви влакна во мешавината е следниот:

Волна	10,30%
Полиамид	50,00%
Памук	39,70%

Овие проценти мора да се коригираат според формулите по точка I. 8.2 од Прилог 1 со цел да се земат предвид договорените додатоци, како и корекционите фактори за секоја загуба во маса по предобработката.

Како што е наведено во Прилог 2 од Правилникот за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи, договорените додатоци се следниве: влачена волна 17.0 %, полиамид 6.25 %, памук 8.5 %, исто така неизбелениот памук покажува загуба во маса од 4 % по предобработката. Според тоа:

$$P1A\%(волна) = \left[\frac{10\cdot30\times\left(1+\frac{17\cdot0+0\cdot0}{100}\right)}{10\cdot30\times\left(1+\frac{17\cdot0+0\cdot0}{100}\right)+50\cdot00\times\left(1+\frac{6\cdot25+0\cdot0}{100}\right)+39\cdot70\times\left(1+\frac{8\cdot5+4\cdot0}{100}\right)}\times100=10\cdot97\right]$$

$$P2A\%(полиамид)=\frac{50\cdot00\times\left(1+\frac{6\cdot25+0\cdot0}{100}\right)}{109\cdot8385}\times100=48\cdot37$$

$$P3A\%(памук)=100-(10\cdot97+48\cdot37)=40\cdot66$$

Составот на преѓата е следниот:

Полиамид	48,4%
Памук	40,6%
Волна	11,0%
	100, 0%

ВАРИЈАНТА 4

Разгледајте го случајот на мешавина на влакна, која при квантитативната анализа ги дава следните компоненти: влачена волна, вискоза и неизбелен памук.

Под претпоставка да се користи варијантата 4, односно последователно отстранување на две компоненти од мешавината на една епрувета, се добиваат следните резултати:

1. Маса на сува епрувета по предобработката (m_1) = 1,6000g
2. Маса на сув остаток по првата постапка со алкален натриум хипохлорит (вискоза + памук) (r_1) = 1,4166g
3. Маса на сув остаток по втората постапка на остатокот r_1 со цинк хлорид/мравја киселина (памук) (r_2) = 0, 6630g

При третирање со алкален натриум хипохлорит вискозата не губи од масата, додека неизбелениот памук губи 3%, затоа d1 = 1 ,0 и d2 = 1 ,03.

Како резултат на третирањето со цинкхлорид/мравја киселина, масата на памукот се зголемува за 4%, така што d3 = (1 ,03 x 0 ,96) = 0,9888 се заокружува на 0,99, (d3 е факторот на исправка за загубата, односно зголемувањето на масата на третата компонента во првиот и вториот реагенс).

Ако вредностите добиени со хемиска анализа се внесат со корекционите фактори во формулата под точка I. 8.1.4 од Прилог 1, ќе се добијат следните резултати:

$$P2\%(вискоза)=\frac{1\cdot0\times1\cdot4166}{1\cdot6000}\times100-\frac{1\cdot0}{1\cdot03}\times40\cdot98=48\cdot75\%$$

$$P3\%(памук)=\frac{0\cdot99\times0\cdot6630}{1\cdot6000}\times100=41\cdot02\%$$

$$P1\%(волна)=100-(48\cdot75+41\cdot02)=10\cdot23\%$$

Како што е веќе прикажано за варијантата 1, овие проценти мора да бидат коригирани со формулите наведени во точка I. 8.2 од Прилог 1

$$P1A\%(волна)=\frac{10\cdot23\times\left(1+\frac{17\cdot00+0\cdot0}{100}\right)}{10\cdot23\times\left(1+\frac{17\cdot00+0\cdot0}{100}\right)+48\cdot75\times\left(1+\frac{13+0\cdot0}{100}\right)+41\cdot02\times\left(1+\frac{8\cdot5+4\cdot0}{100}\right)}\times100=10\cdot57\%$$

$$P2A\%(вискоза)=\frac{48\cdot75\times\left(1+\frac{13+0\cdot0}{100}\right)}{113\cdot2041}\times100=48\cdot65\%$$

$$P3A\%(памук)=100-(10\cdot57+48\cdot65)=40\cdot78\%$$

Следува дека составот на мешавината е:

Вискоза	48,6%
Памук	40,8%
Волна	10,6%
	100,0%

ПРИЛОГ 3

ТАБЕЛА НА ТИПИЧНИ ТРИКОМПОНЕНТНИ МЕШАВИНИ ШТО МОЖЕ ДА СЕ АНАЛИЗИРААТ СО КОРИСТЕЊЕ НА МЕТОДИТЕ ЗА АНАЛИЗА НА ДВОКОМПОНЕНТНИТЕ МЕШАВИНИ
(само за илустрација)

Мешавина бр.	Компоненти во мешавината			Варијанта[5]	Број на методот за анализа на двокомпонентните мешавини и соодветните реагенси
	1ва компонента	2ра компонента	3та компонента		
1	волнено или друго животинско влакно	вискозно, купро или модално влакно	памучно влакно	1 и/или 4	2 (алкален натриум хипохлорит) и 3 (цинкхлорид/мравја киселина)
2	волнено или друго животинско влакно	полиамид 6 или 6.6	памучно, вискозно, купро или модално влакно	1 и/или 4	2 (алкален натриум хипохлорит) и 4 (мравја киселина 80% m/m)
3	волнено, друго животинско или свилено влакно	хлоро влакно	памучно, вискозно, купро, модално влакно	1 и/или 4	2 (алкалија натриум хипохлорит) и 9 (јаглерод дисулфид/ ацетон 55,5/44,5 m/m)
4	волнено или друго животинско влакно	полиамид 6 или 6.6	полиестерско, полипропиленско, акрилно или стаклено влакно	1 и/или 4	2 (алкален натриум хипохлорит) и 4 (мравја киселина 80% m/m)
5	волнено, друго животинско или свилено влакно	хлоро влакно	полиестерско, полипропиленско, акрилно или стаклено влакно	1 и/или 4	2 (алкален натриум хипохлорит) и 9 (јаглероден дисулфид/ ацетон 55,5/44,5 m/m)
6	свилено влакно	волна или друго животинско влакно	полиестерско влакно	2	11 (сулфурна киселина 75% m/m) и 2 (алкален натриум хипохлорит)

[5] Ако се користи варијанта 4, прво отстранете ја првата компонента со помош на првиот реагенс.

7	полиамид 6 или 6.6	акрилно влакно	памучно, вискозно, купро или модално влакно	1 и/или 4	4 (мравја киселина 80% m/m) и 8(диметилформамид)
8	хлоро влакна	полиамид 6 или 6.6	памучно, вискозно, купро или модално влакно	1 и/или 4	8(диметилформамид) и 4 (мравја киселина 80% m/m) или 9(јаглероден дисулфид/ ацетон 55,5/44,5 m/m) 4 (мравја киселина 80% m/m)
9	акрилно влакно	полиамид 6 или 6.6	полиестерско влакно	1 и/или 4	8(диметилформамид) и 4 (мравја киселина 80% m/m)
10	ацетатно влакно	полиамид 6 или 6.6	вискозно, памучно, купро или модално влакно	4	1 (ацетон) и 4 (мравја киселина 80% m/m)
11	хлоро влакна	акрилно влакно	полиамидно влакно	2 и/или 4	9(јаглероден дисулфид/ ацетон 55,5/44,5 m/m) 8(диметилформамид)
12	хлоро влакно	полиамид 6 или 6.6	акрилно влакно	1 и/или 4	9(јаглероден дисулфид/ ацетон 55,5/44,5 m/m) и 4 (мравја киселина 80% m/m)
13	полиамид 6 или 6.6	вискозно, купро, модално или памучно влакно	полиестерско влакно	4	4 (мравја киселина 80% m/m) и 7 (сулфурна киселина 75% m/m)
14	ацетатно влакно	вискозно, купро, модално или памучно влакно	полиестерско влакно	4	1 (ацетон) и 7 (сулфурна киселина 75% m/m)
15	акрилно влакно	вискозно, купро, модално или памучно влакно	полиестерско влакно	4	8(диметилформамид) и 7(сулфурна киселина 75% m/m)
16	ацетатно влакно	волнено, друго животинско или свилено влакно	памучно, вискозно, купро, модално влакно	4	1 (ацетон) и 2 (алкален натриум хипохлорит)
17	триацетатно влакно	волнено, друго животинско или свилено влакно	памучно, вискозно, купро, модално, полиамидно, полиестерско, акрилно влакно	4	6 (дихлорометан) и 2 (алкалија натриум хипохлорит)
18	акрилно влакно	волнено, друго животинско или свилено влакно	полиестерско влакно	1 и/или 4	8 (диметилформамид) и 2 (алкален натриум хипохлорит)
19	акрилно влакно	свилено влакно	волнено или друго животинско влакно	4	8 (диметилформамид) и 11 (сулфурна киселина 75% m/m)
20	акрилно влакно	волнено, друго животинско или свилено влакно	памучно, вискозно, купро или модално влакно	1 и/или 4	8 (диметилформамид) и 2 (алкален натриум хипохлорит)
21	волнено или свилено влакно	памучно, вискозно, модално, купро влакно	полиестерско влакно	4	2 (алкален натриум хипохлорит) и 7 (сулфурна киселина 75% m/m)
22	вискозно влакно	памучно влакно	полиестерско влакно	2 и/или 4	3(цинк хлорид /мравја киселина) и 7 (сулфурна киселина 75% m/m)
23	акрилно влакно	вискозно, купро или одредени видови на модално влакно	памучно влакно	4	8 (диметилформамид) и 3 (цинк хлорид /мравја киселина)
24	хлоро влакно	вискозно, купро или одредени видови на модално влакно	памучно влакно	1 и/или 4	9 (јаглерод дисулфид/ ацетон 55,5/44,5 m/m) и 3 (цинк хлорид/мравја киселина) или 8(диметилформамид) и 3 (цинк хлорид/мравја киселина)
25	ацетатно влакно	вискозно, купро или одредени видови на модално влакно	памучно влакно	4	1 (ацетон) и 3 (цинк хлорид /мравја киселина)
26	триацетатно влакно	вискозно, купро или одредени видови на модално влакно	памучно влакно	4	6 (дихлорометан) и 3 (цинк хлорид/мравја киселина)
27	ацетатно влакно	свилено влакно	волнено или друго животинско влакно	4	1 (ацетон) и 11 (сулфурна киселина 75% m/m)
28	триацетатно влакно	свилено влакно	волнено или друго животинско влакно	4	6 (дихлорометан) и 11 (сулфурна киселина 75% m/m)
29	ацетатно влакно	акрилно влакно	памучно, вискозно, купро или модално влакно	4	1 (ацетон) и 8(диметилформамид)
30	триацетатно влакно	акрилно влакно	памучно, вискозно, купро или модално влакно	4	6 (дихлорометан) и 8(диметилформамид)
31	триацетатно влакно	полиамид 6 или 6.6	памучно, вискозно, купро или модално влакно	4	6 (дихлорометан) и 4 (мравја киселина 80% m/m)
32	триацетатно влакно	памучно, вискозно, купро или модално влакно	полиестерско влакно	4	6 (дихлорометан) и 7 (сулфурна киселина 75% m/m)
33	ацетатно влакно	полиамид 6 или 6.6	полиестерско или акрилно влакно	4	1 (ацетон) и 4 (мравја киселина 80% m/m)
34	ацетатно влакно	акрилно влакно	полиестерско влакно	4	1 (ацетон) и 8 (диметилформамид)
35	хлоро влакна	памучно, вискозно, купро или модално влакно	полиестерско влакно	4	8 (диметилформамид) и 7 (сулфурна киселина 75% m/m) или 9 јаглероден дисулфид/ ацетон 55,5/44,5 m/m) и 7 (сулфурна киселина 75% m/m)

791.

Врз основа на член 20 став 1 точка 5 од Законот за безбеност на производите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/06), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ЕТИКЕТИРАЊЕТО НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ШТО СЕ КОРИСТАТ ВО ГЛАВНИТЕ КОМПОНЕНТИ НА ОБУВКИТЕ ШТО ИМ СЕ ПРОДАВААТ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на етикетирањето на материјалите што се користат во главните компоненти на обувките за продажба на потрошувачите.

Член 2

Обувки во смисла на овој правилник се сите артикли со обложени ѓонови направени за да го заштитат или да го покријат стапалото, вклучувајќи и делови одделно означени, како што е наведено во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Обувките од став 1 на овој член, се утврдени во ограничената листа на производи која е дадена во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Одредбите од овој правилник не се однесуваат на:

- веќе употребувани, носени обувки,
- заштитни обувки опфатени со техничкиот пропис за лична заштитна опрема,
- обувки опфатени со техничкиот пропис кој ја уредува забраната на пуштање во промет или употреба на некои небезбедни материјали и приправки,
- обувки за играчки.

Член 4

Информациите за составот на обувките се даваат преку етикетирање, согласно член 5 од овој правилник.

Етикетирањето ја дава информацијата за трите дела на обувките како што се дефинирани во Прилог 1 за :

(а) делот над ѓонот;
(б) поставата и подметката и
(в) надворешниот ѓон.

Составот на обувката се означува согласно член 5 врз основа или на сликовен приказ или на писмени ознаки за специфичните материјали, како што е предвидено во Прилог 1 од овој правилник.

Класификацијата на материјалите за делот над ѓонот се одредува врз основа на одредбите содржани во член 5 и во Прилог 1 на овој правилник, без да се води сметка за додатоците или зајакнувањата, како што се: парчиња на зглобот, порабувања, украси, токи, јазичиња, потпори за отворите за врвки или слични додатоци.

Класификацијата на материјалите за ѓонот, се заснова на обемот на материјали содржани во него, во согласност со член 5 од овој правилник.

ЕТИКЕТИРАЊЕ НА ОБУВКИТЕ

Член 5

Етикетирањето на обувките обезбедува информации за материјалот, определен во согласност со Прилог 1, кој претставува:

- најмалку 80% од површинската област на делот што се ноаѓа над ѓонот, и на поставата и на подметката, на обувката, и
- најмалку 80% од содржината на ѓонот.

Ако ниту еден од материјалите не изнесува 80% од обувката, треба да се дадат информации за двата главни материјала што се користени во составот на обувката.

Информациите се даваат на обувката. Производувачот или негов овластен претставник, можат да изберат информацијата за обувката да ја дадат со сликовит приказ или со пишани ознаки на македонски јазик и неговото кирилично писмо, читливо напишани, како што е дефинирано и илустрирано во Прилог 1.

За целите на овој правилник, етикетирањето вклучува и придодавање на потребните информации. Ова може да се направи со печатење, лепење, втиснување или користење на додадена етикета.

Етикетирањето треба да биде видливо, сигурно закачено и достапно, а димензиите на сликите треба да се доволно големи за да може лесно да се разберат информациите содржани во нив. Етикетирањето на обувките не треба да го наведе потрошувачот до погрешен заклучок.

Производителот или неговиот овластен претставник е одговорен за обезбедување на етикетата и за точноста на информациите содржани во неа. Ако ниту производителот ниту неговиот овластен претставник не обезбедат етикетирање , оваа обврска ја има лицето одговорно за првото пласирање на обувките на пазарот. Во малопродажба обувките треба да имаат етикети со содржина на информации пропишани со овој правилник.

Член 6

Доколку се појави потреба од дополнителни текстуални информации, истите можат да ги дополнат потребните информациите на етикетата согласно овој правилник, но не може да се забрани или спречи пласирање на обувки на пазарот доколку ги исполнуваат барањата пропишани со овој правилник.

Член 7

Обувките со грешка се означуваат во согласност со овој правилник, со назнака "производ со грешка".

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-3040/6
11 мај 2006 година
Скопје

Министер,
м-р **Фатмир Бесими,** с.р.

ПРИЛОГ 1

1. Дефиниција и соодветни слики или писмени ознаки за деловите на обувките што треба да се идентификуваат

	Слика	Писмена ознака
а) Дел над ѓонот Ова е надворешниот лик на структурниот елемент, што е додаден на ѓонот		F Tige D Obermaterial IT Tomaia NL Bovendeel EN Upper DK Overdel GR ΕΠΑΝΩ ΜΕΡΟΣ ES Empeine P Parte superior
(б) Постава и влошка Ова се поставата на горниот дел и внатрешниот ѓон, што ја сочинуваат внатрешноста на обувката		F Doublure et semelle de proprete D Futter und Deckshole IT Fodera e Sottopiede NL Voering en inlegzool EN Lining and sock DK Foring og bindsal GR ΦΟΔΡΕΣ ES Forro y plantilla P Forro e Palmilha

(в) Ѓон Ова е долниот дел на обувката, што е подложен на абење и е додаден на горниот дел	F Semelle exterieure D Laufsohle IT Suola esterna NL Buitenzool EN Outer sole DK Ydersal GR ΣΟΛΑ ES Suela P Sola

2. Дефиниција и соодветни слики на материјалите

Сликите за материјалите треба да се појават на етикетата до сликата за трите дела на обувката, како што се специфицирани во член 4 и во дел 1 од овој прилог.

(а) (i) Кожа Општ термин за кожа со својата оригинална влакнеста структура, речиси неизменета штавена за да се заштити од гниење. Влакната или волната може да се отстранети или не. Кожата, исто така, се прави од кожа што е поделена на слоеви или сегментира или пред или по штавењето. Сепак, ако штавената кожа е раздвоена механички и/или хемиски на влакнести честички, на мали делови или на прав и потоа, со или без комбинација на врзувачки агенс, се прави во листови или во други форми, тие не се кожа. Ако кожата има површинска обвивка, како и да е нанесена, или залепена политура, таквите површински слоеви не смеат да бидат подебели од 0,15 мм. Така, сите кожи се опфатени без да се исклучи примената на другите правни обврски, на пр. Вашингтонската конвенција. Ако терминот „целосно гранулирана кожа“ се користи во изборните дополнителни информации наведени во член 5, тој ќе се однесува на кожата што има оригинална гранулирана површина што се гледа со отстранувањето на епидермисот и со чистење, четкање или цепење без да се отстрани површината.	Слика	Писмена ознака F Cuir D Leder IT Cuoio NL Leder EN Leather DK Laeder GR ΔΕΡΜΑ ES Cuero P Couros e peles curtidas
(а) (ii) Обложена кожа Кожа на која површинската обвивка нанесена на кожата не недминува една третина од вкупната густина на производот, но е повеќе од 0,15 мм.	Слика	Писмена ознака F Cuir enduit D Beshichtetes Leder IT Cuoio rivestito NL Gecoat leder EN Coated leather DK Overtrukket laeder GR ΕΠΕΝΔΕΔΥΜΕΝΟ ΔΕΡΜΑ ES Cuero untado P Couro revestido
(б) Природни текстилни материјали и синтетички или невткаени текстилни материјали „Текстили“ значи сите производи опфатени со Директивата 71/307/ЕЕЗ и нејзините измени		F Textile D Textil IT Tessili NL Textiel EN Textile DK tekstil-materialer GR ΨΦΑΣΜΑ ES Textil P Texteis
(в) Сите други материјали		F Autres materiaux D Sonstiges Material IT Altre materie NL Overige materialen EN Other materials DK Andre materialer GR ΑΛΛΑ ΥΛΙΚΑ ES Otros materiales P Outros materiais

ПРИЛОГ 2

ПРИМЕРИ ЗА ОБУВКИ ОПФАТЕНИ СО ОВОЈ ПРАВИЛНИК

„Обувки“ може да бидат сандали со горен дел што се состои само од приспособливи ленти или панделки па се до чизми чиј горен дел ја покрива ногата и бутот. Затоа меѓу тие производи се вклучени следиве:

(i) чевли со рамни или со високи потпетици за обична употреба во домот или надвор од него;

(ii) чизми до глуждот, полу-чизми, чизми до колено и чизми до бутот;

(iii) сандали од различен вид, „еспадрили“ (чевли со платнен горен дел и ѓон од плетен растителен материјал), чевли за тенис, чевли за трчање и други спортски чевли, сандали за капење и други неформални обувки;

(iv) специјални спортски обувки кои се направени за спортски активности и имаат, или на кои е дозволено да има, додатоци како, метални шилци, метални копчиња, метални дупчиња за врвки, парчиња, ленти или слично, и лизгалки, чизми за скијање и обувки за пешачење, чизми за борење, чизми за бокс и чевли за велосипедизам. Исто така вклучени се и композитни артикли направени од обувки со додадени (за на мраз или возење) лизгалки;

(v) балетски/балетански обувки;

(vi) обувки направени од еден дел, особено со обликување гума или пластика, но не артикли за една употреба од неиздржлив материјал (хартија, пластичен филм итн., без ѓон);

(vii) горен дел што се носи над други обувки, што во некои случаи се без потпетица;

(viii) обувки за една употреба, со ѓон, направени да се искористат само еднаш;

(ix) ортопедски обувки;

Заради хомогеност и јасност, а како предмет на одредбите наведени во описот на производите опфатени со овој правилник, производите од поглавје 64 од комбинираната номенклатура („КН“) можат, како општо правило, да се сметаат дека спаѓаат во опсегот на овој правилник.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

70.

Врз основа на член 56, став 1, точка 3, а во врска со член 54, став 1, точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005 и 37/2006), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 05 април 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА СИСТЕМИ ЗА ИЛЕОСТОМИ, КОЛОСТОМИ И УРОСТОМИ, ПЛОЧКИ, ПАСТА И ПУДРА, ШТО ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтните цени за системите за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки, паста и пудра, изработени од стандарден материјал, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Фондот), според Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедските и други помагала „Службен весник на РМ“ бр. 111/00, 56/01 - исправка, 71/01, 41/03 и 73/05 (во понатамошниот текст: Правилник за ортопедски помагала).

Член 2

Како референтни цени за системите за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки, паста и пудра, изработени од стандарден материјал, согласно член 27 од Правилникот за ортопедски помагала се утврдуваат:

Ред. број	Назив на помагалото	Единечна цена
1.	Едноделен систем за колостома - кеси/плочки	45,50
2.	Едноделен педијатриски систем за колостома - кеси/плочки	96,00

3.	Едноделен систем за илеостома - кеси/плочки	131,50
4.	Кеси за дводелен систем за колостома без филтер	42,50
5.	Кеси за дводелен систем за колостома со активен филтер	50,50
6.	Кеси за дводелен систем за илеостома	57,50
7.	Кеси за дводелен систем за уростома	76,00
8.	Плочки за дводелен систем	121,00
9.	Паста за стома 60 гр. (алкохол)	383,00
10.	Паста за стома 30 гр.	239,00
11.	Пудра за стома 25 гр.	316,00

Член 3

Референтните цени од член 2 на оваа одлука се утврдени според најповолните (најниски) цени на системите за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки, паста и пудра, добиени по последниот спроведен отворен повик на Фондот бр. 02-5039/2 од 2003 година.

Референтните цени утврдени според член 2 од оваа одлука се максимални цени кои Фондот ќе ги надоместува за издадени системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки, паста и пудра, на правните лица кои истите ги набавуваат и кои со Фондот имаат склучено договор за издавање на ортопедски помагала.

Фондот ќе склучи договор со правното лице од став 2 на овој член ако понудените ортопедски помагала се регистрирани согласно Законот за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала („Службен весник на РМ“ бр. 21/1998).

Член 4

Доколку осигуреното лице сака да добие системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки, паста и пудра, од повисок стандард, односно по цена повисока од цената утврдена во член 2 од оваа одлука, разликата во цената паѓа на товар на осигуреното лице.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2713/4
5 април 2006 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангелина Бачановиќ, с.р.

71.

Врз основа на член 56, став 1, точка 3, а во врска со член 54, став 1, точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005 и 37/2006), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 20.04.2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА ЗА КОИ ОСИГУРЕНИЦИТЕ МОЖАТ ДА ОСТВАРАТ ПРАВО НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтните цени на ортопедските и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 18/2004, 76/2004), во насловот и во текстот зборот „осигурениците“ се заменува со зборовите: „осигурените лица“.

Член 2

Во член 3, ставот 2 се менува и гласи:

„Фондот ќе склучи договор со правното лице од став 1 на овој член ако правното лице ги исполнило условите во однос на простор, опрема и кадар за изработка или набавка на понудените ортопедски помагала и истите со записник се оценат како квалитетни од страна на стручната комисија избрана од директорот на Фондот“.

После став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Стручната комисија од став 2 на овој член е составена од 5 члена: доктор на медицина специјалист ортопед, доктор на медицина специјалист трауматолог, доктор на медицина специјалист физијатар, претставник од Сојузот на телесно инвалидизираните лица на Македонија и еден стручен работник на Фондот“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-3094/3
20 април 2006 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангелина Бачановиќ, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02 и 37/05), Министерството за труд и социјална политика

О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец април 2006 година, во однос на месец март 2006 година, е повисока за 0,3%.

2. Правото на пораст на платите за месец април 2006 година, во однос на месец март 2006 година, за работодавците од членот 3 став 1 изнесува 0,15%.

Министер,
Стевчо Јакимовски, с.р.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Врз основа на член 17 од Законот за данок на добивка - пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/06) и член 30-з став 1 од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05 и 52/06), Државниот завод за статистика ги утврдува и објавува

КОЕФИЦИЕНТИТЕ
ЗА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2006 ГОДИНА
- претходни податоци-

1. Месечниот коефициент на порастот на цените на производителите на индустриски производи во април 2006 година во однос на март 2006 година е 0.008.

2. Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на месецот е 0.026.

3. Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи во април 2006 година во однос на истиот месец од претходната година изнесува 0.044.

Директор,
Апостол Симовски, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622
2006061